Македонски Хералд

Macedonian Herald

ТОМ 25 • 2025

2025 • VOLUME 25

ISSN 1857-5544 УДК/UDC 929.6/.9 CODEN: MHAEAP e-ISSN 2671-3136

Гласник на Македонско грбословно друштво

Journal of the Macedonian Heraldic Society

ХЕРЛАДИКА • HERALDRY

БЛАЗОНОТ НА ПРИПИШАНИОТ ГРБ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ЕВРОПСКАТА ХЕРАЛДИКА

THE BLAZON OF THE ATTRIBUTED COATS OF ARMS OF ALEXANDER THE GREAT IN EUROPEAN HERALDRY





ОДЗИВИ ВО ПЕЧАТОТ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ВО МАКЕДОНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ГРБ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЛАВ ОД 2014 ГОДИНА

REACTIONS IN THE ALBANIAN-LANGUAGE PRESS IN MACEDONIA TO THE PROPOSAL FOR A COAT OF ARMS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH A LION FROM 2014

ХЕРАЛДИКА • HERALDRY

УФЕНБАХОВИОТ ГРБОВНИК



UFFENBACH ARMORIAL

МГД е член на Меѓународната федерација на вексилолошки здруженија • MHS is a member of the International Federation of Vexillologic Associations FIAV CIGH МГД е член на Меѓународната генеолошка и хералдичка конфедерација • MHS is a member of the International Genealogic and Heraldic Confederation

ОД УРЕДНИШТВОТО • EDITORIAL

ВО ОВОЈ БРОЈ • IN THIS ISSUE

ОДЗИВИ ВО ПЕЧАТОТ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ВО МАКЕДОНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ГРБ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЛАВ ОД 2014 ГОДИНА Јован Јоновски	3	REACTIONS IN THE ALBANIAN-LANGUAGE PRESS IN MACEDONIA TO THE PROPOSAL FOR A COAT OF ARMS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH A LION FROM 2014 Jovan Jonovski
БЛАЗОНОТ НА ПРИПИШАНИОТ ГРБ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ЕВРОПСКАТА ХЕРАЛДИКА Иван Нацевски	24	THE BLAZON OF THE ATTRIBUTED COATS OF ARMS OF ALEXANDER THE GREAT IN EUROPEAN HERALDRY Ivan Nacevski
УФЕНБАХОВИОТ ГРБОВНИК Бранко Тодоровиќ	40	UFFENBACH ARMORIAL Branko Todorovic
XXIII МЕЃУНАРОДЕН ХЕРАЛДИЧКИ КОЛОКВИУМ - ЈАШИ, РОМАНИЈА, 27-30 8. 2025 Јован Јоновски	60	XXIII INTERNATIONAL HERALDRY COLLOQUIUM – IASI, ROMANIA, 27–30 AUGUST 2025 Jovan Jonovski
ПРИКАЗ НА КНИГИ: Снежана Филипова. Студии за хералдиката во Македонија. Скопје: Македоника Литера; 2015. Јован Јоновски	68	BOOK REVIEWS: Snezhana Filipova. Studii Za Heraldikata Vo Makedonija [Studies On Heraldry In Macedonia]. Skopje: Makedonika Litera; 2015. Jovan Jonovski
Јован Јоновски, Сонцето и лавот како симболи во хералдиката и вексилологијата на Македонија, Скопје 2019, Иван Нацевски	71	Jovan Jonovski, Sonceto i lavot kako simboli vo heraldikata i veksilologijata na Makedonija [The sun and the lion as symbols in heraldry and in vexillology of Macedonia]. Skopje 2019, Ivan Nacevski
АКТИВНОСТИ НА МГД	75	ACTIVITY OF MHS
РЕГИСТЕР НА ГРБОВИ	78	REGISTER OF ARMS

ИМПРЕСУМ • IMPRESSUM

Здружение за хералдика, вексилологија и фалеристика, МАКЕДОНСКО ГРБОСЛОВНО ДРУШТВО
Претседател: Јован Јоновски
+389 70 252 989
Бетовенова 10-6
1010 Скопје, Македонија
www.heraldika.org.mk

Лектура / Proofreading:
Евгенија Стојанова/ Anne Platoff, Darren George, Charles Wright

Macedonian Heraldic Society
President: Jovan Jonovski
jonovski@heraldika.org.mk
Betovenova 10-6
1010 Skopje, Macedonia
info@heraldika.org.mk

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР

д-р Јован Јоновски, AIH, LF (Македонија) Главен и одговорен уредник
д-р Иван Нацевски (Македонија) - секретар
д-р Стојан Антонов, AIH (Бугарија)
д-р Жељко Хајмер, aih, LF, FF, FFRC (Хрватска)
проф. д-р Иван Балта (Хрватска)
доц. д-р Емир О. Филиповиќ (Босна и Херцеговина)
проф. д-р Стјепан Ќосиќ (Хрватска)
д-р Тудор-Раду Тирон, AIH (Романија)
д-р Агне Рајлајте-Барде, AIH (Литванија)
проф. д-р Мито Панов (Македонија)
проф. Лазе Трипков (Македонија)
д-р Ан М. Платоф, LF (САД)

EDITORIAL BOARD

Dr. Jovan Jonovski, AIH, LF (Macedonia) Editor in Chief
Dr. Ivan Nacevski (Macedonia), Secretary
Dr. Stoyan Antonov, AIH (Bulgaria),
Dr. Željko Heimer, aih, LF, FF, FFRC, (Croatia),
Prof. Dr. Ivan Balta (Croatia),
Doc. Dr. Emir O. Filipovic (Bosnia and Herzegovina),
Prof. Dr.Stjepan Cosic (Croatia),
Dr. Tudor-Radu Tiron, AIH (Romania)
Dr. Agne Railaite- Barde, AIH (Lithuania)
Prof. Dr. Mito Panov (Macedonia)
Prof. Laze Tripkov (Macedonia)
Dr. Anne M. Platoff, LF (USA)

Македонски хералд објавува рецензирани научни статии и популарни нерецензирани статии / Macedonian herald publishes peer-reviewed scientific papers as well as popular non reviewed articles.

ОДЗИВИ ВО ПЕЧАТОТ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК ВО МАКЕДОНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ГРБ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЛАВ ОД 2014 ГОДИНА

Јован Јоновски

Македонско грбословно друштво,
Претседател и главен хералд

Рецензирана статија

АПСТРАКТ

Целта на оваа статија е да ги разгледа текстовите на албански јазик во бројот 25 од јануари 2015 година на месечниот национален магазинот за политика, економија и култура „Шења“ од Скопје, со главна тема, „Македонскиот грб со „албански“ лав!?“, посветен на предлогот на грб на Република Македонија со лав од декември 2014 година. Покрај обраќањето од уредникот, се застапени 9 статии од различни автори со широк спектар на мислења и ставови за предлогот за државен грб.

Се претставува идејата дека симболите на државата треба првично (или единствено) да го преставаат етничкиот состав на населението, кој е туѓ во европската политичка и хералдичка пракса. Исто дека лавот е главно македонски симбол и не може да биде симбол прифатлив и за Албанците, дури ни како државен симбол.

Има и автори кои генерално се согласни дека лавот како симбол сам по себе не е проблем ниту од историска ниту од хералдичка гледна точка. Сепак тие посочуваат на импликацијата на грб со лав како зацврстување на македонскиот карактер на државата нешто што двете групи автори го доживуваат како антиалбанско.

Клучни зборови: Предлог за грб, државен грб, грб на Македонија



https://orcid.org/0000-0003-2448-3441
jonovski@gmail.com

https://doi.org/10.47763/mher2025.6542
Поднесено / Submitted
25.12.2024
Ревидирано / Revised
24.2.2024
Прифатено / Accepted
10.3.2024
Објавено / Published
1.4.2024

Creative Commons License

Авторските права на написите остануваат кај авторот.
Copyright of the articles remains with the author.

Наведи извор-Некомерцијално-Сподели под исти услови (CC BY-NC-SA 4.0)
Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International

Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка /**Funding**: This research did not receive any financial support/
Конкурентски интереси: Авторот е главен уредник на списанието/ **Competing Interests**: The author is editor-in-chieif of this journal

OPEN ACCESS

REACTIONS IN THE ALBANIAN-LANGUAGE PRESS IN MACEDONIA TO THE PROPOSAL FOR A COAT OF ARMS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH A LION FROM 2014

Jovan Jonovski

Macedonian Heraldic Society,
President and Chief Herald

Peer-reviewed article

ABSTRACT

The aim of this article is to review the texts in the issue 25 of January 2015 of the Albanian-language monthly national magazine for politics, economics and culture „Shenja“ from Skopje, with the main topic, „The Macedonian coat of arms with an „Albanian“ lion!?“, dedicated to the proposal for a coat of arms of the Republic of Macedonia with a lion from December 2014. In addition to the editor‘s address, 9 articles by different authors with a wide range of opinions and positions on the proposal for a state coat of arms are represented.

An idea is presented that the symbols of the state should initially (or only) represent the ethnic composition of the population, foreign in European political and heraldic practice. Also that the lion is mainly a Macedonian symbol and cannot be a symbol acceptable to Albanians, not even as a state symbol.

There are authors who generally agree that the lion as a symbol in itself is not a problem from either a historical or a heraldic point of view, but point out the implication of the coat of arms with a lion as strengthening the Macedonian character of the state, something that both groups of authors perceive it as anti-Albanian.

Keywords: Proposal for a coat of arms, state coat of arms, coat of arms of Macedonia

ВОВЕД

Југославија беше формирана во 1918 година како кралство на Србите, Хрватите и Словенците, не признавајќи други народи и народности. Во Социјалистичка Федеративна Република Југославија (1943-1991), Социјалистичка Република Македонија[1] беше една од шесте републики, каде што главната доктрина беше рамноправноста, братството и единството на југословенските народи и народности. Имаше шест словенски народи, според републиките, Македонци, Срби, Хрвати, Словенци, Црногорци и Босанци (муслимани) со право на самоопределување до отцепување, а народности беа оние етнички групи кои имаа своја матична држава надвор од Југославија: Албанци, Унгарци, Турци, Словаци... или воопшто немаа (како Ромите и Власите), без право на отцепување. Најголемо малцинство беа Албанците (несловенски народ) кои живеат на југозапад од земјата, и на последниот попис во СФРЈ од 1981 година беа 7,72%, побројни од црногорскиот 2,58% и од македонски народ 5,97% и речиси изедначен со словенечкиот народ, 7, 82% (Statistički godišnjak Jugoslavije 1985, 144).

Нивното главно присуство беше во јужната Автономна покраина на Србија, Косово, со главен град Приштина (сл. 1). Албанците на Косово бараа од автономната покраина да стане република, (и со тоа право на самоопределување и отцепување), што доведе и до редица масовни немири во 1981 и 1989 година. Во септември 1991 година албанските пратеници во собранието на Косово изгласаа референдум за независност на Косово, кое Србија не го призна. Оттогаш почнаа паралелни институции, но и дејствување на вооружени групи (Limani 2021).



Сл./Fig. 1 Мапа на етничките групи во Југославија/ Map of the ethnic groups in Yugoslavia

Во соседната Македонија, мнозинското население се Македонци, а Албанци живеат во западниот и северозападниот дел. Нивната застапеност растела од 12% во 1953 до 19,7% во 1981 година (Ortakovski 2001, 26). Нивните политички стремежи беа заедно со оние на Албанците на Косово во

INTRODUCTION

Yugoslavia was formed in 1918 as a kingdom of Serbs, Croats and Slovenes, not recognizing other peoples and nationalities. In the Socialist Federal Republic of Yugoslavia (SFRY) (1943–1991) the main doctrine was the equality, brotherhood and unity of the Yugoslav peoples and minorities. The Socialist Republic of Macedonia was one of the six republics. There were six Slavic peoples, according to the republics, Macedonians, Serbs, Croats, Slovenes, Montenegrins and Bosniaks (Muslims) with the right of self-determination up to and including secession, and nationalities were those ethnic groups that had their own mother state outside Yugoslavia: Albanians, Hungarians, Turks, Slovaks... or none at all (like the Roma and Vlachs), without the right of secession. The largest minority were the Albanians (non-Slavic people) living in the southwest of the country, and in the last census in the SFRY in 1981 they were 7.72%, more numerous than the Montenegrins 2.58% and the Macedonians 5.97% and almost equal to the Slovenes, 7.82% (Statistički godišnjak Jugoslavije 1985, 144).

Their main presence was in the southern Autonomous Province of Serbia, Kosovo, with the capital Pristina (Fig. 1). The Albanians in Kosovo demanded that the autonomous province become a Republic (and thus the right to self-determination and secession), which led to a series of mass riots in 1981 and 1989. In September 1991, the Albanian deputies in the Kosovo Parliament voted for a referendum on the independence of Kosovo, which Serbia did not recognize. Since then, parallel institutions have emerged, as well as the activities of armed groups (Limani 2021).

In neighboring Macedonia, the majority population is Macedonian, while Albanians live in the western and northwestern parts. Their representation grew from 12% in 1953 to 19.7% in 1981 (Ortakovski 2001,26). Their political aspirations were together with those of the

борба за признавање за народ, не на малцинство. Во процесот на распадот на Југославија, македонските Албанци како да беа повеќе заинтересирани за настаните на Косово и пет месеци подоцна во јануари 1992 година одржаа референдум за независност на „Република Илирида“ на територијата на западната половина од Република Македонија, каде што според иницијаторите, живее мнозинско албанско население. Референдумот македонската влада го прогласи за неважечки (Bugajski 2016, 116).

Плурализмот во Социјалистичка Република Македонија почна со основање политички партии во 1990 година, непосредно пред првите парламентарни избори на кои учествуваа две партии на македонските Албанци, Партија за демократски просперитет (ПДП) и Народна демократска партија (НДП). Заедно добија 17 од вкупно 120 пратеници, од што во новата влада имаше 4 министри Албанци од вкупно 23 министри. Овој број постепено се зголемуваше.

Во 1999 година, конфликтот во Косово и НАТО-бомбардирањето на Сојузна Република Југославија доведоа до формирање на полупризнатата Република Косово. Конфликтот се прошири во Македонија во 2001 година кога припадниците на косовските ослободителни сили (УЧК) се бореа со македонските безбедносни сили и тој заврши со Охридскиот рамковен договор, кој им обезбеди многу права на Албанците (Aleksovska 2015). Едно од овие права беше таканаречното „Бадентерово мнозинство“, со кое се наведува дека законите кои директно влијаат врз културата, употребата на јазикот, образованието, личната документација и употребата на симболи, мора да добијат мнозинство гласови, во кои мора да има мнозинство гласови на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во населението во Македонија. Ова се однесува и на државните симболи („Framework agreement“ 2001 година).

СИМБОЛИЧКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

Симболичкиот дизајн на државниот/националниот идентитет е производ на специфични, општествено-политички настани и социјалниот контекст кои го опкружуваат усвојувањето на симболот (грб/знаме), кој најнапред е прифатен од група луѓе – елита, а тој подоцна се пренесува на други. Најчесто, овие вторите, плебсот, немаат збор во овој процес. Државните грбови

Albanians in Kosovo in the struggle for recognition as a people, not a minority. In the process of the collapse of Yugoslavia, Macedonian Albanians seemed to be more interested in the events in Kosovo and five months later in January 1992 they held a referendum on the independence of the “Republic of Ilirida” on the territory of the western half of the Republic of Macedonia, where, according to the initiators, the majority Albanian population lives. The Macedonian government declared the referendum invalid (Bugajski 2016, 116).

Pluralism in the Socialist Republic of Macedonia began with the establishment of political parties in 1990, shortly before the first parliamentary elections in which two parties of Macedonian Albanians participated, the Party for Democratic Prosperity (PDP) and the People‘s Democratic Party (NDP). Together they won 17 out of a total of 120 MPs, and in the new government there were 4 Albanian ministers out of a total of 23 ministers. This number gradually increased.

In 1999 the conflict in Kosovo and NATO bombing of Federal Republic of Yugoslavia led to formation of the semi-recognized Republic of Kosovo. The conflict spread into Macedonia in 2001 when the members of the Kosovo liberation forces (UCK) were fighting Macedonian security forces and it ended with the Ohrid Framework Agreement, which provided many rights to the Albanians (Aleksovska 2015). One of these rights was the so-called “Badinter majority”, ascribing that Laws directly affecting culture, use of language, education, personal documentation, and use of symbols, must receive a majority of votes, within which there must be a majority of the votes of the Representatives claiming to belong to the communities not in the majority in the population of Macedonia. This applies to the State symbols as well (“Framework agreement” 2001).

SYMBOLIC REPRESENTATION

The symbolic design of the state/national identity is a product of specific, socio-political events and the social context surrounding the adoption of the symbol (coat of arms/flag), which is first accepted by a group of people - the elite, and it is later transmitted to others. Most often, the latter, the plebians, have no say in this process. State coats of arms in Europe, for the

во Европа, во најголем дел, биле или доделени од владетел или едноставно земени од грбот на владетелот на територијата што била дел од одредена држава. Од знак на визуелен идентитет на поединци со означување имот, грбот може да се пренесе во целата држава. Грбот, за разлика од знамето, не може да биде симбол на народ, туку само на држава и има само официјална употреба. Во таа смисла, кога се зборува за грб на држава од исклучителна важност е да се нагласи дека неговата основна намена е да ја претставува државата пред нејзините граѓани и во надворешни политички односи, а не да го претставува конкретниот народ во државата, уште помалку пак - етничкиот состав. Впрочем, ова е случај со сите европски државни грбови (Jonovski 2023).

Односот кон државните симболи се гради во процес на симболичка интеракција, и тој може да трае подолг временски период. Личното значење на симболите и односот кон нив воедно го отсликува и односот кон носителот на симболот, односно кон државата. Ако некоја група не е задоволна од третманот на дадена држава кон нив, било тоа да е реалност или перцепција, тоа незадоволство со сигурност ќе се рефлектира и во односот кон симболите на таа држава.

Прв „грб“ кој претставува народи, беше амблемот на Советскиот Сојуз (1923) кога народите, односно нивните јазиците беа претставени на посебни ленти на дадениот јазик на пролетаријатското мотото: „Пролетери од сите земји, обединете се“. Во амблемот на југословенската федерација (СФРЈ) од 1943 година, следејќи ја социјалистичката „хералдика“ на Советскиот Сојуз, народите беа претставени со по еден факел во заедничкиот пламен. Од поновите грбови, на Косово, етничките заедници се претставени симболично, како секундарен или терцијарен симбол, со по една ѕвезда. Значи и во двата случаи сите конституенти се прикажани на идентичен начин.

Републиките имаа грбови во социјалистички стил и знамиња кои ги претставуваа народите. Автономните покраини немаа свој грб или знаме. Националностите ја искажуваа својата припадност со знамињата на

most part, were either granted by a ruler or simply taken from the coat of arms of the ruler of the territory that was part of a certain state. From a sign of visual identity of individuals to a designation of property, the coat of arms can be transferred to the entire state. The coat of arms, unlike the flag, cannot be a symbol of a people, but only of a state and has only official use. In this sense, when talking about the coat of arms of a state, it is of exceptional importance to emphasize that its primary purpose is to represent the state before its citizens and in external political relations, and not to represent the specific people in the state, much less the ethnic composition. After all, this is the case with all European state coats of arms (Jonovski 2023).

The relationship to state symbols is built in a process of symbolic interaction, and it can take a long period of time. The personal meaning of the symbols and the relationship to them also reflects the relationship to the bearer of the symbol, that is, to the state. If a group is not satisfied with the treatment of a given state towards them, be it reality or perception, that dissatisfaction will certainly be reflected in the relationship to the symbols of that state.

The first „coat of arms“ representing peoples (ethnic) group was of the Soviet Union (1923) when the peoples, or languages were presented on separate ribbons in given language of the proletariat motto: “Proletarians of all countries, unite”. The Emblem of the Yugoslav Federation (SFRY) from 1943, following the socialist “heraldry” of the Soviet Union, had the nations represented by a torch in a common flame. Of the more recent coats of arms, in Kosovo, the ethnic communities are represented symbolically, as a secondary or tertiary symbol, with a star. So in all cases, all constituents are depicted in an identical way.

The Republics had coats of arms in a socialist style and flags that represented the nations. The autonomous provinces did not have their own coat of arms or flags. Nationalities (ethnic minorities) expressed their affiliation



Сл./Fig. 2 Знаме на албанското малцинство во Југославија/ Flag of the Albanian minority in Yugoslavia

своите матични држави, со додадени црвени петокраки во средината (Устав 1974, Член 178 и 222). Така знамето на албанското малцинство во Југославија се разликуваше по тоа што положбата на ѕвездата беше беше во кантон (Сл. 2), додека на знамето на Народна Република Албанија ѕвездата над орелот (сл. 3).

Бидејќи грбот е претежно за означување на државата и нејзиниот апарат, и не се користи од народот во секојдневна дури ни во посебна употреба, како што пак се користи знамето, тој не е народен симбол. Сепак историските симболи кои доведуваат до изборот на државниот можат да имаат посебно значење за поединецот.



Сл./Fig. 3 Знаме на Социјалистичка Албанија (1946-1992)/ Flag of Socialist Albania (1946-1992)

СИМБОЛИЧКОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија се осамостои со референдумот од 8 септември 1991 година, на кој не гласаа македонските Албанци („Груби: Албанците“ 2021). Исто така, албанските пратеници го бојкотираа донесувањето на Уставот на Република Македонија на 17 ноември 1991 година.

За разлика од Словенија и Хрватска, Македонија се осамостои со социјалистичките симболи, социјалистички грб и црвено знаме со идеолошката црвена петокрака со златен обраб. Македонските политички партии немаа конкретен предлог за тоа што треба да прикажува државниот грб. Таков предлог немаа ниту партиите на етничките Албанци во Македонија. Нивно единствено инсистирање беше новите симболи на Република Македонија да ги вклучат сите народности кои живеат во државата (Jonovski 2020, 44).

На 11 август 1992 година беа избрани дел од државните симболи, за химна беше избрана постојната „Денес над Македонија се раѓа“ и новото знаме, црвено со златно-жолто сонце со 16 краци, според саркофагот од кралската гробница во Кутлеш/Вергина. Пратениците Албанци не гласаа за овие симболи. Додека за грб не беше донесена одлука (Jonovski 2018). Така, остана во употреба грбот донесен во 1946 година, кој

with the flags of their mother states, with red five-pointed stars added in the middle (Constitution 1974, Articles 178 and 222 Устав 1974, Член 178 и 222). Thus, the flag of the Albanian minority in Yugoslavia differed in that the position of the star was in the canton (Fig. 2) while on the flag of the People‘s Republic of Albania the star was above the eagle, (Fig. 3).

Since the coat of arms is mainly used to denote the state and its apparatus, and is not used by the people in everyday or even special use, as the flag is used, it is not a ethnic symbol. However, historical symbols that lead to the choice of the state coat of arms can have a special meaning for the individual.

THE SYMBOLIC REPRESENTATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

The Republic of Macedonia gained independence with the referendum of September 8, 1991, in which Macedonian Albanians did not vote („Груби: Албанците“ 2021). Also, Albanian MPs boycotted the adoption of the Constitution of the Republic of Macedonia on November 17, 1991.

Unlike Slovenia and Croatia, Macedonia gained independence with socialist symbols, the Socialist Coat of Arms and a red flag with the ideological red five-pointed star with a gold border. Macedonian political parties did not have a specific proposal for what the state coat of arms should depict. Neither did the parties of ethnic Albanians in Macedonia. Their only insistence was that the new symbols of the Republic of Macedonia include all nationalities living in the country (Jonovski 2020, 44).

On August 11, 1992, some of the state symbols were chosen, the existing “Today, Over Macedonia is Born” was chosen as the anthem, and the new flag, red with a golden, yellow sun with 16 rays, according to the sarcophagus from the royal tomb in Kutlesh/Vergina. Albanian MPs did not vote for these symbols. At the time, no decision was made on the coat of arms (Jonovski 2018). Thus, the coat of arms adopted in 1946 remained in use, which is a generic, socialist coat of arms

е општ, социјалистички грб без национални обележја (освен народниот вез на лентата), без официјален опис (Закон за грб 1946).

Осамостојувањето на Република Македонија се случуваше со силно негодување на јужниот сосед Република Грција, спорејќи го името Македонија и знамето, за кои тврдеше дека се дел од нејзиното наследство. Република Македонија не беше примена во ООН, сè до прифаќањето на привремено референца, Поранешна Југословенска Република Македонија и промената на знамето во 1995 година. За промената на знамето на 5 октомври гласаа речиси сите пратеници вклучувајќи ги и албанските, со што новото знаме со сонце со 8 краци беше донесено од сите заедно, и од Македонците и од Албанците. Во 2019 година под притисок повторно од Грција, Македонија ќе го промени името во Република Северна Македонија.

За разлика од името и знамето, за промена на грбот немаше надворешен притисок. Социјалистичкиот грб како симбол никогаш не бил доведен во прашање од надвор, туку беше прашање на внатрешен дискурс, и се бараше извесно ажурирање. Но, не се донесе решение за грб, иако се очекуваше дека наскоро ќе се случи. Дури и пасошите останаа без грб, очекувајќи го решението „наскоро“. Во 2009 година, како привремено решение, беше отстранета црвената ѕвезда-петокрака од грбот на Република Македонија (Jonovski 2018).

Во мај 2014 година владата го повика хералдот Јован Јоновски од Македонското хералдичко здружение (МХЗ) да ги изложи сите можности за изнаоѓање хералдичко решение за државниот грб. Ова решение требаше да исполни три особено важни предуслови, а имено: 1) да претставува минимално адаптирање на историски земски грб со изглед познат на пошироката јавност, 2) емблазонот на решението да биде што е можно подалеку од оној на грбот на партијата ВМРО-ДПМНЕ, и 3) да се разликува од бугарскиот грб. Од сите можности беше избрано решение со црвен лав на златна основа. Целиот овој процес го координираше министерот за здравство, Никола Тодоров.

Предлогот за грб на Република Македонија беше базиран на традицијата на грбови, поврзани со Македонија, почнувајќи од илустрациите на Вилем Верланд (+1481 год.) и грбовникот на

without national symbols (except for the folk embroidery on the ribbon), and without an official description (Закон за грб 1946).

The independence of the Republic of Macedonia took place with strong disapproval from its southern neighbor, the Republic of Greece, which disputed the name Macedonia and the flag, which it claimed were part of its heritage. The Republic of Macedonia was not admitted to the United Nations until the adoption of a temporary reference, the Former Yugoslav Republic of Macedonia, and the change of the flag in 1995. Almost all MPs, including Albanians, voted for the change of the flag on October 5, thus the new flag with an 8-pointed sun was adopted by all together, both Macedonians and Albanians. In 2019, under pressure again from Greece, Macedonia changed its name to the Republic of North Macedonia.

Unlike the name and the flag, there was no external pressure to change the coat of arms. The socialist coat of arms as a symbol was never questioned from the outside, but was a matter of internal discourse, and some updating was required. However, no decision was made on the coat of arms, although it was expected that it would happen soon. Even passports remained without a coat of arms, expecting a solution “soon”. In 2009, as a temporary solution, the red five-pointed star was removed from the coat of arms of the Republic of Macedonia (Jonovski 2018).

In May 2014, the government invited herald Jovan Jonovski of the Macedonian Heraldic Society (MHS) to present all possibilities for finding a heraldic design for the state coat of arms. This design had to meet three particularly important prerequisites, namely: 1) to represent a minimal adaptation of the historical Land coat of arms which was familiar to the general public, 2) the emblazon of the design to be as far as possible from that of the coat of arms of the VMRO DPMNE party, and 3) to be different from the Bulgarian coat of arms. Of all the possibilities, a design of “Or, a lion Gules” was chosen. This entire process was coordinated by the Minister of Health, Nikola Todorov.

The proposal for the coat of arms of the Republic of Macedonia was based on the tradition of coats of arms associated with Macedonia, starting from the illustrations of Willem Verland

Жером де Бара од 1581 год., кој преку Стематографиите на Витезовиќ (1694 год.) и Жефаровиќ (1741 год.) ќе стане и земски грб на Македонија. Блазонот на овој грб гласи: На златно-жолто поле разгневен црвен лав. Дополнително, во склоп со постулатите на меснохералдичкиот систем на МХЗ изработен уште 2014 година (Nacevski 2018), според кој штитот со државниот грб е предвидено да биде крунисан со златно-жолта градобранска круна со пет кули, поставени на златна дијадема, украсена со рубини и бисери од Македонија. Цртежот го изработија Јован Јоновски и Коста Стаматовски (Jonovski 2015, 18).

Али Ахмети[2] како претседател на основниот албански помал коалициски партнер на Демократската унија за интеграција (ДУИ) се согласи со предлогот и си подадоа рака со Никола Груевски како премиер и претседател на ВМРО-ДПМНЕ[3] како партија на власт. Воедно, беше решено да се најдат научници-Албанци кои ќе го претстават и бранат овој грб пред албанската етничка заедница. И навистина, ДУИ предлагаше редица научници, но сите еден по еден изнаоѓаа изговори за да не учествуваат.

Откако оваа идеја не можеше да се оствари, Владата на 5 декември 2014 година го усвои предлогот на Македонското хералдичко здружение за грб на Република Македонија. По тој повод се отвори и јавна дебата на Филозофскиот факултет, во Институтот за национална историја, на кои учествуваа професорите Драги Георгиев, Милан Бошковски и Стефан Влахов Мицов, како и од Институтот за историја професорите: Ванчо Георгиев, Александар Атанасовски и Бобан Петровски (Димовска, 2013), и херадлот Јован Јоновски, и членовите на МХЗ, Иван Нацевски и Александар Гижаровски. Дебата имаше и во Центарот за духовна култура на Албанците за претставување на предлогот. Јоновски учествуваше во многу ин-



Сл./Fig. 4 Специјално издание на Македонски хералд/ Special issue of Macedonian Herald

(+1481) and the coat of arms of Jérôme de Barra from 1581, which through the Stematographies of Vitezovic (1694) and Zhefarovic (1741), would also become the Land coat of arms of Macedonia. The blazon of this coat of arms reads: Or a lion Rampant Gules. Additionally, in line with the postulates of the local heraldic system of the MHS developed in 2014 (Nacevski 2018), according to which the shield with the state coat of arms is envisaged to be crowned with a golden-yellow mural crown with five towers, placed on a golden diadem, decorated with rubies and pearls from Macedonia. The drawing was made by Jovan Jonovski and Kosta Stamatovski (Jonovski 2015, 18).

Ali Ahmeti as the president of the main Albanian junior coalition partner of the Democratic Union for Integration (DUI) agreed with the proposal and shook hands with Nikola Gruevski as the prime minister and president of VMRO-DPMNE as the ruling party. At the same time, it was decided to find Albanian scholars who would present and defend this coat of arms proposals to the Albanian ethnic community. And indeed, DUI proposed a number of scholars, but one by one they all found excuses not to participate.

After this idea could not be realized, the Government on December 5, 2014 adopted the proposal of the Macedonian Heraldic Society for the coat of arms of the Republic of Macedonia. On that occasion, a public debate was opened at the Faculty of Philosophy, at the Institute of National History, in which professors Dragi Georgiev, Milan Boshkovski and Stefan Vlahov Micov participated, as well as from the Institute of History professors: Vancho Georgiev, Aleksandar Atanasovski and Boban Petrovski (Dimovska, 2013), and the herald Jovan Jonovski, and members of the Macedonian Heraldry Association, Ivan Nacevski and Aleksandar Gizharovski. There was also a debate at the Center for Spiritual Culture of Albanians to present the proposal. Jonovski participated in many interviews

тервјуа и емисии на многу медиуми. Беше подготвено специјално издание на „Македонски хералд“, гласникот на Македонското хералдичко здружение на македонски јазик, кое требаше да се преведе на албански и заедно да се дистрибуира како прилог на дневните весници во сабота 19 декември 2014 година. (сл. 4).

Во рамки на дебатите лавот беше претставен како несомнено симбол и на Македонците, Албанците и другите заедници во Македонија, којшто претставува и земски симбол на земјата, територијата, државата. Беше нагласувано дека црвениот лав на златно поле е најдобар хералдички симбол, кој има своја традиција, но и сегашност и иднина, промовирајќи заедништво и врзувајќи се за симбол што не носи никаква поделба по ниту една основа во себе, туку напротив создава единство на сите кои живеат на овие простори.

За да се популаризира, односно одоброволи албанската јавност во Македонија кружеа и информации дека тоа е всушност грбот на Албанија, кој е претставен во книгата Благородништтвото во кралството Далмација од Фридрих Хајер од 1873 година, каде што се споменуваат три албански грбови (Hayer 1873). Еден од тие грбови има емблазон црвен лав на златно поле со круна над штитот и натпис на германски, „втор грб на албанско кралство“.

Предлогот со добиено двотретинско и Бадинтерово мнозинство требаше да влезе во собраниска процедура. И покрај сите заложби, набргу почнаа несогласувања во ДУИ со одлуката на лидерот Али Ахмети. Сепак, монолитноста на ДУИ проработи, но заканата со „бомбите“[4] од страна за Зоран Заев, претседател на опозициската СДСМ што беа објавувани од опозицијата го свртеа вниманието на владата и на јавноста на друга страна така што предлогот веќе не беше актуелен.

ШЕЊА - ЗНАК

Целта на оваа статија е да ги разгледа текстовите на албански јазик во бројот 45 од јануари 2015 година на месечниот национален магазин за политика, економија и култура „Шења“ (сл. 5). Издавач на магазинот е здружението на граѓани за култура „Визиони –М“ од Скопје[5]. Списанието излегува од 2011 година и според насловот, опфаќа текстови за Албанија, Косово и Македо-

and broadcasts in many media. A special edition of the Macedonian Herald, the journal of the Macedonian Heraldic Society in the Macedonian language, was prepared, which was to be translated into Albanian and distributed together as a supplement to the daily newspapers on Saturday, December 19, 2014. (Fig. 4).

Within the framework of the debates, the lion was presented as an undoubted symbol of the Macedonians, Albanians and other communities in Macedonia, which is also a national symbol of the country, territory, state. It was emphasized that the Or lion Gules is the best heraldic symbol, which has its own tradition, but also the present and future, promoting unity and connecting to a symbol that does not carry any division on any basis in itself, but on the contrary creates unity of all who live in these areas.

In order to popularize, or rather approve of the Albanian public in Macedonia, information was also circulated that it was actually the coat of arms of Albania, which is presented in the Book Nobility in the Kingdom of Dalmatia by Friedrich Hayer from 1873, where three Albanian coats of arms are mentioned (Hayer 1873). One of those coats of arms has an emblazoned red lion on a golden field with a crown above the shield and an inscription in German, „second coat of arms of the Albanian kingdom“.

The proposal, which received a two-thirds majority and a Badinter majority, was to enter the parliamentary procedure. Despite all efforts, disagreements soon began within DUI with the decision of leader Ali Ahmeti. However, the monolithic nature of DUI worked, but the threat of „bombs“ from Zoran Zaev, president of the opposition SDSM, which was published by the opposition, transferred the attention of the government and the public to another side, so that the proposal was no longer relevant.

SHENJA - SIGN

The purpose of this article is to review the texts in Albanian in issue 45 of January 2015 of the monthly national magazine for politics, economics and culture „Shenja“ (Fig. 5). The magazine is published by the Citizens‘ Association for Culture „Vizioni -M“ from Skopje. The magazine has been published since 2011 and, according to the title, includes texts about

нија. Главна тема на број 45 според насловната страница е „Македонскиот грб со ‘албански’ лав!?“. Целиот број е посветен на предлогот за грб на Република Македонија со лав. Во бројот покрај обраќањето од уредникот се застапени уште 9 статии од различни автори со широк спектар на мислења и ставови за предлогот за грб.



Сл./Fig. 5 Насловната страна на Шења бр 45 од 2015/ The title page of Shenja #45 of 2015

На почетокот, во делот „од уредникот“ со наслов „Македонскиот грб со ‘албански’ лав!?“, Исмаил Синани пишува за тоа дека „Албанците на власт“ ја прифатиле промената на грбот на Македонија и со тоа прифатиле грб кој целосно ја отсликува македонската етничка припадност, но воопшто не албанската. „Така некој си дава за право преку хералдиката да ги обедини Албанците со симбол кој ги убиваше Албанците пред 13 години“. Синани укажува дека лидерите на албанската политика го промовираат овој амблем како албански, но некои од оваа политичка партија се освестиле во последен момент да го потсетат лидерот на партијата дека ова е грешка. Потоа Синани се чуди како Тирана и Приштина не реагираат на оваа македонска хегемонија која го нарушува достоинството на Албанците. На крајот ги потсетува оние Албанци кои ќе го прифатат предлогот, „добро да размислат како ќе бидат запаметени по еден век, во 2114 година!“ (Sinani 2015, 3).

Во првата статија, на Бардил Заими од Тетово, насловена „’Историски’ лоша одлука: Неподносливата леснотија на капитулацијата“ зборува за „албанската културна парадигма која ја дава албанската симболика, системот на знаци и значења кои го обележуваат албанскиот живот“. Заими продолжува да ја опишува историјата на Албанија и зачувувањето на колективното битие. Потоа зборува за грбот со лав, кого го поддржуваат Албанците во владата, што претставува напад врз „историската меморија на Албанците и обид за разградување и потчинување на Албанците до крај.“

Albania, Kosovo and Macedonia. The main topic of issue 45, according to the cover, is „The Macedonian coat of arms with an „Albanian“ lion!?“. The entire issue is dedicated to the proposal for a coat of arms of the Republic of Macedonia with a lion. In addition to the editor‘s address, the issue contains 9 more articles by different authors with a wide range of opinions and positions on the proposal for a coat of arms.

At the beginning, in the Editorial entitled „The Macedonian coat of arms with an „Albanian“ lion!?“, Ismail Sinani writes that „the Albanians „in power“ have accepted the change in the coat of arms of Macedonia and have thus accepted a coat of arms that fully reflects the Macedonian ethnicity, but not the Albanian one at all. „Thus, someone gives himself the right through heraldry to unite Albanians with a symbol that killed Albanians 13 years ago.“ Sinani points out that the leaders of Albanian politics are promoting this emblem as Albanian, but some from this political party came to their senses at the last moment to remind the party leader that this is a mistake. Then Sinani wonders how Tirana and Pristina are not reacting to this Macedonian hegemony that violates the dignity of Albanians. Finally, he reminds those Albanians who will accept the proposal, “to think carefully about how they will be remembered a century from now, in 2114!” (Sinani 2015, 3).

In the first article, by Bardil Zaimi from Tetovo, entitled “A ‘Historically’ Bad Decision: The Unbearable Ease of Capitulation,” he discusses “the Albanian cultural paradigm that gives the Albanian symbolism, the system of signs and meanings that mark Albanian life.” Zaimi continues to describe the history of Albania and the preservation of the collective being. He then discusses the coat of arms with a lion, supported by Albanians in the government, which represents an attack on “the historical memory of Albanians and an attempt to dismantle and subjugate Albanians to the end.”

нците до крај“.

„Лавот е производ на македонската дискурзивна стратегија, на политичка, економска и културна доминација која ја препознава лажната симболика на етничката припадност и која го исклучува албанското историско и културно наследство... Овој предложен грб се обидува да го промени историскиот наратив, отуѓувајќи го политичкиот идентитет на Албанците, модифицирајќи го и лажно вградувајќи го во ексклузивната македонска национална држава... Во реалноста, Албанците забележуваат бескомпромисно отфрлање на овој амблем, што во исто време означува повторно будење за спротивставување на неуспешните албански политики против доминантниот македонски протагонизам.“ (Zaimi 2015, 21).

Во втората статија на Чело Хоџа од Тирана, насловена „Исклучителна хералдика: Митолошки балони на премиерот“, зборува за неубедливата историја на Македонија во смисла за аргументот за „враќање на историските симболи на земјата“, потсетувајќи дека „Во историјата на Европа и светот немало никогаш порано држава наречена Македонија, населена со Словени или со мнозинство Словени. Затоа, она што не постоело, нема историја и историски симболи. Следствено, не постои ниту хералдичка традиција“ (Hoxha 2015, 23).

Хоџа понатаму го потсетува официјално Скопје дека „Половина од границата на Македонија се граничи со Албанија и Косово, што со затворање на границите може да ѝ нанесе значителна економска штета, особено што Македонија е земја без море. Овие две земји можат да ѝ направат на Македонија повеќе главоболки отколку остатокот од светот заедно“ (Hoxha 2015, 24).

На крајот, заклучува „Создавањето на грбот, по моделот на симболите на партијата на Груевски, е во склад со митолошкиот балон на премиерот, кој еден ден би можел да се издува, предизвикувајќи штета кај луѓето опиени од пареите на моќта, што денес тешко можат да ја замислат“ (Hoxha 2015, 25).

Во третата статија, Џабир Ахмети од Скопје со наслов „Грбот со лав и Албанците: Ушите на ѕидот и очите на оградата“ раскажува за свои фиктивни средби со луѓе, од кои едниот прашува „Како можеа да гласаат за тој амблем кој нема врска со нас?! Тоа е партиски амблем. Да, верувам тоа е симбол кој не е поврзан со наша-

“The lion is a product of the Macedonian discursive strategy, of a political, economic and cultural dominance that recognizes the false symbolism of ethnicity and that excludes the Albanian historical and cultural heritage… This proposed coat of arms attempts to change the historical narrative, alienating the political identity of the Albanians, modifying it and falsely embedding it in the exclusive Macedonian nation-state… In reality, Albanians are observing an uncompromising rejection of this emblem, which at the same time marks a reawakening to oppose the failed Albanian policies against the dominant Macedonian protagonism.” (Zaimi 2015, 21).

In the third article, by Çelo Hoxha from Tirana, Albania, entitled “Exceptional Heraldry: The Prime Minister’s Mythological Balloons”, he discusses the unconvincing history of Macedonia in terms of the argument for “returning the country’s historical symbols”, recalling that “In the history of Europe and the world, there has never been a state called Macedonia, populated by Slavs or with a majority of Slavs. Therefore, what did not exist, has no history and historical symbols. Consequently, there is no heraldic tradition either” (Hoxha 2015, 23).

Hoxha further reminds Skopje officially that “Half of Macedonia’s borders border Albania and Kosovo, which by closing the borders could cause significant economic damage, especially since Macedonia is a landlocked country. These two countries could cause Macedonia more headaches than the rest of the world combined” (Hoxha 2015, 24).

Finally, he concludes, “The creation of the coat of arms, modeled after the symbols of Gruevski’s party, is in line with the prime minister’s mythological balloon, which could one day burst, causing harm to people intoxicated by the vapors of power, which today they can hardly imagine” (Hoxha 2015, 25).

In the fourth article, Xhabir Ahmeti from Skopje, titled “The Coat of Arms with a Lion and the Albanians: Ears on the Wall and Eyes on the Fence,” tells of his fictitious encounters with people, one of whom asks, “How could they vote for that emblem that has nothing to do with us?! It’s a political party emblem. Yes, I believe it’s a symbol that has nothing to do with our reali-

та реалност. Амблем кој нè исклучува од овдешната реалност. Партиски амблем е... Странски амблем!“ сметајќи дека политичарите го прават тоа за лични интереси. Текстот не се занимава со поконкретни ставови околу предлогот за грб (Ahmeti 2015, 16).

Во четвртата статија, Ферид Мухиќ од Скопје, единствениот автор неалбанец, насловена „Толкувања: Грб“, дава сосем друг аспект концентрирајќи се целосно на прашањето на сличноста и различноста на македонскиот и бугарскиот грб и обвинувањата за кражба на грбот.

Dr. Jovan Jonovski (1971), herald, is President of the Macedonian Heraldry Society (2003–2018) and an Associate Member of the International Academy of Heraldry. member of the Order and Medals Commission of the President of the Republic of Macedonia (2009–2019). Jonovski has published many articles, as well as a Macedonian heraldic terminological dictionary in The Macedonian Herald, Jonovski participates in international congresses in heraldry: Stuttgart 2010; Cieszyn 2012 and Oslo 2014. (Jonovski 2021a)

Aleksovska Marija (2015), "Trust in changing institutions: The Ohrid framework agreement and Institutional trust in Macedonia", East European Quarterly, Vol. 43, No. 1, March 2015, Budapest, pp. 55-84,

„Груби: Албанците со право не учествуваа на референдумот за независност на Северна Македонија!" Фокус, 31.8.2021. https://fokus.mk/grubi-albantsite-so-pravo-ne-uchestvuvaa-na-referendumot-za-nezavisnost-na-severna-makedonija посетено на 1.1.2025

Димовска Виолета (2014), Новиот предлог грб- историски и хералдички оправдан, 13.12.2014, https://mrt.com.mk/node/18194 посетено на 1.1.2025

Закон за грб (1946) на Народна Република Македонија, Президиум на Народното Собрание на Народна Република Македонија, бр. 599, Скопје, 27.7.1946

Устав на Социјалистичка Република Македонија 1974, Службен весник 7/74.

Ahmeti Xhabir (2015),, "Stema me luan dhe Shqiptarët: Veshët e murit e sytë e gardhit", Shenja, Shkup, Januar 2015. (26-27)

Billali Mersel (2015), "Një dështime historik: Luani, renta-profesorët the rrenat politike" Shenja, Shkup, Januar 2015. (36-37)

Brahai, Jaho (1997) Emblema Shqiptare- Gjurmime Heraldike, Shtëpia Botuese LISITAN, Tirana.

Bugajski, Janusz (2016). Ethnic Politics in Eastern Europe: A Guide to Nationality Policies, Organizations and Parties: A Guide to Nationality Policies, Organizations and Parties. Routledge. pp. 115–117.

"Framework agreement" (2001) https://www.osce.org/files/f/documents/2/8/100622.pdf

Hoxha Çelo (2015),, "Heraldika Përjashtuese: Tullumbacet mitologjike të kryeministrit", Shenja, Shkup, Januar 2015. (23-25)

Jonovski, Jovan (2015) "Предлог за грб на Република Македонија - Proposal for the arms of the Republic of Macedonia", Македонски хералд - Macedonian Herald, no. 9:18-19. https://doi.org/10.47763/mher1590018j.

Jonovski, Jovan (2018) «The Coats of Arms and Other Forms of State Emblem Proposed for the Republic of Macedonia, and the Process of Their Adoption, 1992–2014», Genealogy 2, no. 4: 52. https://doi.org/10.3390/genealogy2040052

Jonovski Jovan (2020) The Sun and the Lion as Symbols of the Republic of Macedonia: A heraldic and vexillological analysis, Flag Heritage Foundation, Danvers, Massachusetts. https://www.flagheritagefoundation.org/web/wp-content/uploads/2021/02/Jonovski-ms-full.pdf

Jonovski, Jovan. (2021). «Heraldry in Macedonia with Special Regard to the People's/Socialist Republic of Macedonia until 1991» Genealogy 5, no. 2: 43. https://doi.org/10.3390/genealogy5020043

Jonovski, Jovan. (2021a). «Heraldry in the Republic of Macedonia (1991–2019)» Genealogy 5, no. 4: 94. https://doi.org/10.3390/genealogy5040094

Jonovski, Jovan. (2023). «The Development of the State Emblems and Coats of Arms in Southeast Europe» Genealogy 7, no. 3: 54. https://doi.org/10.3390/genealogy7030054

Jonovski, Jovan. (2023a). "Александар Матковски и албанската хералдика - Aleksandar Matkovski and Albanian Heraldry". Македонски хералд - Macedonian Herald, no. 19 (January):14-25. https://doi.org/10.47763/mher2219014j.

Heyer, Carl Georg Friedrich von Rosenfeld (1873), Der Adel des Königreichs Dalmatien, Nürnberg: Bauer & Raspe.

Limani Mirka (2021), "Kosovski Albanci u Jugoslaviji – borba za autonomiju", Yu Historija,. https://yuhistorija.com/serbian/jug_druga_txt01c7.html

Muhiq Ferid (2015),, "Interpretime: Prapavja e stemës", Shenja, Shkup, Januar 2015. (28-30)

Muhamedi Nijazi (2015),, "Krim- vizatim I nënshtrimit Shqiptar:Hamali I Pafytyrë I "punërave politike Maqedonase"", Shenja, Shkup, Januar 2015. (32-34)

Murtezani Izail (2015),, "Një vështrime ndryshe: Simbolika e luanit në diskursin mitologjik", Shenja, Shkup, Januar 2015. (38-40)

Nacevski, Ivan. "Македонскиот територијално хералдички систем - Macedonian Civic Heraldry System". Македонски хералд - Macedonian Herald, no. 11 (2018): 33–39. https://doi.org/10.47763/mher18110033n

Ortakovski, Vladimir (2001): "Interethnic relations and minorities in the Republic of Macedonia", Southeast European Politics , Vol. 2, No. 1 , May 2001, Sts. Cyril and Methodius University, Skopje, http://www.seep.ceu.hu/issue21/ortakovski.pdf

Pollozhani Mixhait (2015),, "Huzimet (Ndër)historike: Luani, Simbol universal I huazuar", Shenja, Shkup, Januar 2015. (41-43)

Pajaziti Ali (2015),, ""Konvertim": Lamtumrë sovjetizëm, tungatjeta putinizëm!", Shenja, Shkup, Januar 2015. (45-46)

Sinani Ismail (2015), "Editorial: Stema Maqedonase me luani "Shqiptar"!?", Shenja, Shkup, Januar 2015. (3)

Statistički godišnjak Jugoslavije, Beograd, 1985, https://publikacije.stat.gov.rs/G1985/Pdf/G19852003.pdf

Varfi,Gin (2000) Heraldika Shqiptare, Tirana.

Zaimi Bardyl (2015),, "Vendim i Dëshëm "Histoirik": Lehtësia e padurueshme e kapitullimit" Shenja, Shkup, Januar 2015. (20-22)

БЛАЗОНОТ НА ПРИПИШАНИОТ ГРБ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ВО ЕВРОПСКАТА ХЕРАЛДИКА

Иван Нацевски

Македонско грбословно друштво,
Потпретседател и хералд вардарски

Рецензирана статија

АПСТРАКТ

Од сите историски личности кои ги дала Македонија, Александар Македонски со сигурност е најзначаен од хералдичка гледна точка. Ова се должи на неговата популарност во средновековна Европа, која произлегла од широката распространетост на дела за неговиот живот познати како *александриди*. Станува збор за витешки романи кои се појавиле во 10 век, а веќе кон крајот на 13 век биле надополнети со графички прикази со хералдички содржини. Дополнително популарноста на Александар ќе се зголеми со појавата на делото *Voeux du Paon* од *Jacques de Longuyon* во кое ќе биде воспоставена поредицата на деветте достоинствени. Овој концепт ќе биде широко распространет во хералдичката практика на средновековна Европа.

Трудот ја разгледува појавата на припишаниот грб на Александар во европската хералдика, дава опис на различните блазонски групи и бара врска меѓу нив и земјите во кои тие се најчесто застапени. Воедно се бара врската меѓу грбот на Александар и грбот на Македонија од европските извори.

Клучни зборови: Александар Македонски, Македонија, хералдика, грбови, средновековна Европа, александриди

THE BLAZON OF THE ATTRIBUTED COATS OF ARMS OF ALEXANDER THE GREAT IN EUROPEAN HERALDRY

Ivan Nacevski

Macedonian Heraldic Society,
President and Chief Herald

Peer-reviewed article

ABSTRACT

Of all the historical figures that Macedonia has given to us, Alexander the Great is certainly the most significant from a heraldic point of view. This is due to his popularity in medieval Europe, which resulted from the widespread distribution of works about his life known as *The Alexander Romance*. This is a chivalric novel that first appeared in the 10th century, and was already illustrated with heraldic content towards the end of the 13th century. Alexander's popularity further increased with the appearance of the work *Voeux du Paon* by *Jacques de Longuyon*, in which the series of the Nine Worthies was established. This concept became to be widely spread in the heraldic practice of medieval Europe.

This paper examines the appearance of the coat of arms attributed to Alexander in European heraldry, providing a description of the various blazon groups and seeking a connection between them and the countries in which they are most commonly represented. At the same time, the connection between the coat of arms of Alexander and the coat of arms of Macedonia from European sources is sought.

Keywords: Alexander the Great, Macedonia, heraldry, coats of arms, medieval Europe, Alexander's Romance

https://orcid.org/0000-0002-7169-6039
ivan_nacevski@yahoo.com

https://doi.org/10.47763/mher2025.6541
Поднесено / Submitted 25.12.2024
Ревидирано / Revised 24.2.2025
Прифатено / Accepted 2.5.2025
Објавено / Published 20.5.2025

Creative Commons License

Авторските права на написите остануваат кај авторот.
Copyright of the articles remains with the author.

Наведи извор-Некомерцијално-Сподели под исти услови (CC BY-NC-SA 4.0) Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International

Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка /**Funding**: This research did not receive any financial support/ **Конкурентски интереси:** Авторот е уредник на списанието/ **Competing Interests**: The author is editor of this journal

ВОВЕД

Од сите историски личности кои ги дала Македонија, Александар Македонски е со сигурност најзначаен од хералдичка гледна точка. Ова се должи на неговата популарност во средновековна Европа, која произлегла од широката распространетост на дела познати како александриди. Станува збор за книги кои ќе се појават во 10 век, а веќе кон крајот на 13 век ќе бидат надополнети со графички прикази со хералдички содржини. Александридите најчесто претставуваат превод на дело од 2 до 3 век од непознат автор понекогаш именуван како Псевдо – Калистен, а напишано на класичен грчки (Cary 1956, 10). Во 4 век ќе се појави латински препис на истото, а веројатно веќе во 10 век ќе се појави и старословенски превод (Милетичъ 1936, 3). Александридите не се секогаш исти по содржина и може да се создавани и надополнувани во подолг временски период. Ова важи и за оригиналот за кој постојат повеќе рецензии (Cary 1956, 10). Напоредни животописи на Плутарх е уште едно дело преку кое ќе се шири популарноста на Александар Македонски. Ракописните верзии на ова дело од 10 и 11 век ќе послужат како основа за подоцнежните преводи на различни европски јазици. Така, најстарата позната печатена верзија датира од 1470 година, а издадена е во Рим (Pade 2007). Освен од споменатите, за Александар во средновековна Европа ќе се дознае и од дела со поопширна историска тематика, односно дела со енциклопедиски карактер. И овде се среќаваат прикази со хералдички содржини. Во македонската хералдика проучувањето на припишаниот грб на Александар Македонски е релативно нова појава. Прв ова прашање го поставува Јован Јоновски во неговата статија *Грбовите на Македонија* (Јоновски 2009) во 2009 година и подоцна во 2015 во книгата *Симболите на Македонија* (Јоновски 2015, 33 – 42), Александар Матковски во неговата книга Грбовите на Македонија во неколку наврати соопштува за дела во кои се наоѓаат грбови на Александар, но во ниеден случај не го соопштува овој факт (Матковски 1990, 35 – 72). Други сознанија на македонски јазик досега не се објавени.

Дигитализацијата на светските библиотечни фондови, слободниот пристап до информации

INTRODUCTION

Of all the historical figures that Macedonia has given us, Alexander the Great is certainly the most significant from a heraldic point of view. This is due to his popularity in medieval Europe, which resulted from the widespread distribution of works known as The Alexander Romance. Versions of this book appeared in the tenth century, and by the end of the thirteenth it would be supplemented with graphic representations including heraldic content. The Alexander Romance is most often a translation of a work from the 2nd – 3rd centuries by an unknown author sometimes named as Pseudo-Callisthenes, written in classical Greek (Cary 1956, 10). A Latin transcript of the same work would appear in the 4th century, and probably an Old Slavonic translation would appear as early as the 10th century (Милетичъ 1936, 3). The Alexander Romance is not always the same in content and may have been created and supplemented over a longer period of time. This also applies to the original, for which there are several reviews (Cary 1956, 10). Plutarch's Parallel Lives is another work through which the popularity of Alexander the Great spread. The manuscript versions of this work from the tenth and eleventh centuries served as the basis for later translations into various European languages. Thus, the oldest known printed version dates from 1470, and was published in Rome (Pade 2007). In addition to the works mentioned above, mediaeval Europe also came to learn of Alexander from works with a more extensive historical theme, that is, works with an encyclopaedic character. Here, too, depictions with heraldic content are encountered. In Macedonian heraldry, the study of the attributed coat of arms of Alexander the Great is a relatively new phenomenon. This question was first raised by Jovan Jonovski in his article *The Coats of Arms of Macedonia* (Јоновски 2009) in 2009 and later in 2015 in the book *The Symbols of Macedonia* (Јоновски 2015, 33 – 42), Aleksandar Matkovski in his book *The Coats of Arms of Macedonia* on several occasions mentions works in which Alexander's coats of arms are found, but in no case does he report this fact (Матковски 1990, 35 – 72). Other findings in Macedonian have not been published so far.

The digitisation of world library collections, free access to information through Internet

преку истражување на интернет како и заинтересираноста на општеството за темата доведоа до нови сознанија за припишаниот грб на Александар Македонски. Така, веќе може да се каже дека во хералдичка смисла Александар го среќаваме како дел од движното и недвижното наследство. Движното наследство може да се подели на пишани извори и таписерии. Недвижното наследство во основата претставува дел од архитектонската орнаментика. Класификацијата на пишаните извори може да се направи врз основа на неколку особености при што се добива следната поделба: 1. Вид на пишаните извори: а)историски книги; б) грбовници; в) илустрации; 2. Содржина на пишаните извори: а) илустрирани александриди; б) девет достоинствени; в) општоисториска содржина; 3. Симбол во пишаните извори: а) лав; б) грифон; в) ѕвона; г) круни; д) волк; ѓ) коза; е) превези/лево скосен; 4. Јазик на пишаните извори: класичен грчки; латински; француски; германски; фламански; англиски; шпански; португалски; персиски; Треба да се нагласи дека сите извори истовремено се вклопуваат во по една од горенаведените групи.

Овој труд ја разгледува појавата на припишаниот грб на Александар во европската хералдика преку обработка на четириесетина главно непроучени извори давајќи опис на различните негови блазони и блазонски групи и бара врска меѓу нив и земјите во кои тие се најчесто застапени. Воедно ќе се обрне внимание и на врската меѓу грбот на Александар и грбот на Македонија од европските извори. За таа цел припишаните грбови на Александар ќе бидат разгледани преку основните симболи на блазоните, и тоа од најчестиот кон поретки случаи. Овој труд претставува продолжеток на истражувањето за припишаниот грб на Александар и во него нема да биде обработен лавот. Имено, тој е цел на обработка на претходна статија (Nacevski 2016).

Блазон претставува технички опис на грбот и како таков претставува еден од главните предмети на хералдиката. Тој опис – блазон ја претставува суштината на грбот, кој за хералдиката е поважен од ликовниот приказ – емблазон. Процесот на опишување на грбот (пишување на блазонот) се вика блазонирање. Блазонот мора да биде јасен и недвосмислен, така што секој хералдички уметник ќе може да го емблазонира - ликовно да го престави токму тој грб (Јоновски 2015, 74).

research, as well as the interest of society in the topic have led to new findings about the attributed coat of arms of Alexander the Great. Thus, it can already be said that in the heraldic sense we encounter Alexander as part of the movable and immovable heritage. The movable heritage can be divided into written sources and tapestries. Immovable heritage is basically a part of architectural ornamentation. The classification of written sources can be made on the basis of several features, resulting in the following division: 1. Type of written sources: a) historical books; b) armorials; c) illustrations; 2. Content of written sources: a) illustrated Alexander's Romance; b) the Nine Worthies; c) general historical content; 3. Symbol in written sources: a) lion; b) griffin; c) bells; d) crowns; e) wolf; f) goat; e) bends/ party per bend; 4. Language of written sources: classical Greek; Latin; French; German; Flemish; English; Spanish; Portuguese; Persian; It should be emphasized that all sources simultaneously fit into one of the above groups (Nacevski 2016).

This paper examines the appearance of the attributed coat of arms of Alexander in European heraldry by processing about forty mostly unstudied sources, providing a description of his various blazons and blazon groups and looking for a connection between them and the countries in which they are most commonly represented. Attention will also be paid to the connection between the coat of arms of Alexander and the coat of arms of Macedonia from European sources. For this purpose, the attributed coats of arms of Alexander will be examined through the basic symbols of the blazons, from the most common to the rarest cases. This paper is a continuation of the research on the attributed coat of arms of Alexander and, so, the lion will not be considered in it as the lion has been discussed in a previous article (Nacevski 2016).

A blazon is a technical description of a coat of arms and as such is one of the main objects of heraldry. Blazon represents the essence of the coat of arms, which for heraldry is more important than the artistic depiction or emblazonment. The process of describing the coat of arms (writing the blazon) is called blazoning. The blazon must be clear and unambiguous, so that any heraldic artist will be able to emblazon it - to represent in art precisely that particular coat of arms (Јоновски 2015, 74).

ГРИФОН

Грифонот е митски ѕвер со глава, крилја и предни нозе на орел, а со грива, уши и задни нозе од лав (Znamierowski 2017, 132). Грифонот е втор по застапеност симбол на Александар Македонски. Воедно тој е и втор е и како поединечен блазон, веднаш по разгневениот лав. Од осумдесет обработени извори, грифонот како симбол на Александар се среќава дури во дванаесет извори. Припишаните грбови со грифон се појавуваат во средината на 15 век. Што се однесува до симболиката на грифонот и неговата врска со Александар, таа не е сосем јасна. Сепак, врска може да се бара во неговата природа. Имено, орловскиот дел на грифонот му дава соларен и божествен дух, додека лавовскиот е извор на неговата земска и профана природа (Ацовиќ 2008, 175). Ова може да се доведе во директна врска со тврдењата дека Александар е син на Зевс (Плутарх 1994, 7), а со тоа и Александар би бил со двојна природа, божја и профана.

Според видот на изворите, осум се грбовници, три се илустрации, а еден извор е александрида. Во грбовниците и илустрациите, односно во единаесет извори грифонот е дел од поредицата на деветте достоинственици. Во рамките на оваа поредица не се забележува мешање со грбовите на другите достоинственици што не е случај кај лавот (Nacevski 2016). Според јазикот на кој се пишувани изворите, се среќава само германскиот. Во Табела 1 се дадени изворите и соодветниот блазон.

За разлика од лавот каде што постои голема разновидност во блазонот, кај грифонот ситуацијата е сосема различна. Во основата се работи за еден единствен блазон, кој гласи: црно, разгневен грифон, златен (сл. 1). Во два извори грифонот е вооружен со црвен јазик, а во еден е вооружен со црвен јазик и канџи. Едноставноста кај овој симбол е нарушена на двапати кога споменатиот блазон се среќава како дел од сложен грб. Во хералдиката сложени се оние грбови кои се добиени со спојување на два или повеќе поединечни грбови. Оваа практика се нарекува маршализирање. Така, грифонот е маршализиран во два извори со три ѕвона кои исто така се еден од симболите на Александар.



Сл./Fig. 1

GRIFFIN

The griffin is a mythical beast with the head, wings and forelegs of an eagle, and with the mane, ears and hind legs of a lion (Znamierowski 2017, 132). The griffin is the second most common symbol of Alexander the Great. At the same time, it is also the second most common as an individual blazon, after the lion rampant. Out of eighty known sources, the griffin as a symbol of Alexander is found in twelve. The attributed coats of arms with a griffin appear in the middle of the fifteenth century. As for the symbolism of the griffin and its connection with Alexander, it is not entirely clear. However, a connection can be sought in its nature. Namely, the eagle part of the griffin gives it a celestial and divine spirit, while the lion part is the source of its earthly and profane nature (Ацовиќ 2008, 175). This can be directly linked to the claims that Alexander was the son of Zeus (Плутарх 1994, 7), and thus Alexander would have a dual nature, divine and mundane.

According to the type of sources, eight are armorials, three are illustrations, and one source is in The Alexander Romance. In the armorials and illustrations, that is, in eleven sources, the griffin is part of the series of the Nine Worthies. Within this series, there is no mixing with in the coats of arms of series, which is not the case with the lion (Nacevski 2016). When it comes the language of the sources, they are all written in German. *Table 1* gives the sources and the corresponding blazon.

Unlike the lion, where there is great diversity in its blazon, the situation with the griffin is completely different. Basically, it is a single blazon that reads: *Sable, a griffin rampant, Or* (Fig. 1). In two of the sources, the griffin is armed with a tongue Gules, and in one it is armed with a tongue and claws, Gules. The simplicity of this symbol is broken twice when the aforementioned blazon is found as part of a marshalled coat of arms. In heraldry, marshalled coats of arms are those that are obtained by joining two or more individual coats of arms together. This practice is called marshalling. Thus, the griffin is marshalled in two sources with three bells, which are also one of the symbols of Alexander. In the first

Во едниот извор грбот е преполовен со грифон и три ѕвона, а во другиот е расчетворен со грифон (1,3) и три ѕвона (2,4). Само александридата не соопштува бои за прикажаниот грб.

Од изложеното дотука станува евидентно дека грифонот се појавил на германска територија основно како дел од циклусот за деветте достоинственици. Од таму бил преземен и во александридите преведувани на германски. Станува збор за стабилен и искристализиран блазон што нè наведува на заклучокот дека праобразецот на овој блазон е еден од кој подоцна биле правени повеќе преписи.

ТРИ КРУНИ

Круните како симбол на Александар Македонски се појавуваат во првата половина на 15 век. Од осумдесет обработени извори досега се познати единаесет извори со овој симбол со што претставуваат трета по честота блазонска група.

Според видот на изворите, девет се грбовници, а два се алаксандриди. Во грбовниците грбот на Александар е дел од циклусот на деветте достоинственици. Во однос на јазикот осум извори се на германски од тоа сите грбовници, а три се на француски јазик од тоа еден грбовник и две александриди. За најстар германски извор се смета Рихенталовата хроника од 1414 година, а за најстар француски извор александрида датирана од 1420 до 1425 година. Што се однесува до симболиката на круните и нивната врска со Александар, таа не е сосем јасна. Најверојатно, се работи за рокада со грбот на крал Артур од циклусот на деветте достоинственици. Имено, во грбовниците во кои се среќаваат круните, Александар секогаш е дел од оваа поредица. Токму затоа голема е веројатноста од таму да преминале и во александридите како симбол. Во Табела 2 се дадени делата и соодветниот блазон.

Слично како и кај грифонот, од хералдичка гледна точка, грбовите на Александар со круни во основата претставуваат една блазонска група со основен блазон, кој гласи: На поле, три куни (2,1). Сепак, кога се во прашање боите овде се забележува извесна разновидност. Па така, според односот на боите на полето и круните се издвојуваат четири блазонски подгрупи, и тоа:

1. сино, златни круни (2,1) – пет извори (сл. 2)

source, the coat of arms is parted per pale with a griffin and three bells, and in the second one the arms are quartered with a griffin (1,3) and three bells (2,4). Only the Alexander Romance does not state the colours for the depicted coat of arms.

From what has been stated so far, it becomes evident that the griffin appeared on German territory primarily as part of the cycle of the Nine Worthies. From there it was also taken over in the Alexander Romance translated into German. It is a stable and crystallised blazon, which leads us to the conclusion that the prototype of this blazon is one from which several copies were later made.

THREE CROWNS

Crowns as a symbol of Alexander the Great appear in the first half of the fifteenth century. Out of forty sources studied so far, eleven sources with this symbol are known, representing the third most frequent blazon group.

According to the type of sources, nine are armorials, and two are in Alexander's Romance. In the armorials, Alexander's coat of arms is part of the cycle of the Nine Worthies. In terms of language, eight sources are in German, all of which are armorials, and three are in French, of which one is an armorial and two are in the Alexander's Romance. The oldest German source is considered to be the Reichenthal's Chronicle from 1414, and the oldest French source is a copy of the Alexander Romance dated ca. 1420-1425. As for the symbolism of the crowns and their connection with Alexander, it is not entirely clear. Most likely, it is a result of a mix up with the coat of arms of King Arthur from the cycle of the Nine Worthies. Namely, in the armorials in which the crowns are found, Alexander is always part of this series. That is why it is highly likely that they passed from there to the Alexander Romance as a symbol. *Table 2* shows the works and the corresponding blazon.

Similar to the griffin, from a heraldic point of view, the coats of arms of Alexander with crowns basically represent one blazon group with a basic blazon that reads: On a field, three crowns (2,1). However, when it comes to the colours, a certain variety is observed here. Thus, according to the ratio of the colours of the field and the crowns, four blazon subgroups are distinguished, as follows:

1. Azure, three crowns Or (2.1) – five sources

2. црвено, златни круни (2,1) – четири извори
3. сино, сребрени круни (2,1) – еден извор
4. поле, круни (2,1) сето без боја – еден извор

Од изложеното досега се забележува дека круните како симбол се појавиле на германска и француска територија речиси едновремено до крајот на првата четвртина на 15 век основно како дел од циклусот за деветте достоинственици. Од таму бил преземен и во александридите. Станува збор за стабилен и искристализиран блазон што нè наведува на заклучокот дека праобразецот на овој блазон е еден од кој подоцна биле правени повеќе преписи.



Сл./Fig. 2

(Fig. 2)

2. Gules, three crowns Or (2.1) – four sources
3. Azure, three crowns Argent (2.1) – one source
4. A field, three crowns (2.1) all without colour – one source

From the above, it can be seen that the three crowns as a symbol appeared on German and French territory almost simultaneously by the end of the first quarter of the fifteenth century, primarily as part of the cycle for the Nine Worthies. From there they were later included in the Alexander Romance. This is a stable and crystallised blazon, which leads us to the conclusion that the prototype of this blazon is one from which several copies were later made.

ТРИ ЅВОНА

И ѕвоната како симбол на Александар Македонски се појавуваат во првата половина на 15 век. Од осумдесет извори обработени досега, познати се седум извори со овој симбол со што претставуваат петта по честота блазонска група веднаш по лавот што држи секира. Според видот на изворите, три се грбовници, а по два се книги со општо историска содржина и илустрации. Во грбовниците грбот на Александар е дел од циклусот на деветте достоинственици. И овде како и кај грифонот нема мешање со грбовите на другите достоинственици. Во однос на јазикот, сите извори се на германски јазик. Она што остава впечаток е дека ѕвоната ги нема во александриди, што не е случај со претходните симболи. Во Табела 3 се дадени изворите и соодветниот блазон.

Што се однесува до симболиката на ѕвоната, веројатен извор може да се побара во расказот на Псевдо-Калистен за зачнувањето на Александар (Voynikov 2011). Имено, Олимпијада долго време немала деца, па решила да побара помош од египетскиот оракул Нектенабо, кој живеел во Македонија, а претходно бил фараон. Нектенабо ѝ објаснил дека за да има дете, треба да ја обвладеат тројца богови: Зевс во форма на Орел, Амон – на змија, и Хераклe – на лав. Всушност, Нектенабо ја прелажал Олимпијада и преку ноќ се преобразил последователно во секое од трите животни и така таа забременила и го родила

THREE BELLS

The bells as a symbol of Alexander the Great also appear in the first half of the fifteenth century. Out of eighty sources processed so far, seven sources are known with this symbol, which represents the fifth most frequent blazon group, right after the lion holding an axe. According to the type of sources, three are armorials, and two are books with general historical content and illustrations. In the armorials, Alexander's coat of arms is part of the cycle of the Nine Worthies. Here, as with the griffin, there is no confusion with the coats of arms of other Worthies. In terms of language, all sources are in German. What leaves an impression is that bells are not found in the Alexander Romance, which is not the case with the previous symbols. Table 3 shows the sources and the corresponding blazon.

As for the symbolism of the bells, a probable source can be found in the story of Pseudo-Callisthenes about the conception of Alexander (Voynikov 2011). Namely, Olympias had no children for a long time, so she decided to seek help from the Egyptian oracle Nectenabo, who lived in Macedonia and had previously been a pharaoh. Nectenabo explained to her that in order to have a child, she would need to be possessed by three gods: Zeus in the form of an Eagle, Ammon, a snake, and Heracles, a lion. In fact, Nectenabo tricked Olympias and transformed himself into each of the three animals in turn overnight, and so

Александар, кој имал истовремено три форми (Псевдо-Калистен 2008). Друго објаснување би можело да се побара во расказот на Плутарх за раѓањето на Александар, односно кога се родил Александар на татко му Филип истовремено му стигнале три вести: првата дека Парменион ги победил Илирите; втората дека на трка во Олимпија победил негов коњ и третата дека му се родил син (Плутарх 1994, 8).

И овде како и кај круните, од хералдичка гледна точка, грбовите на Александар со ѕвона во основата претставуваат една блазонска група со основен блазон, кој гласи: На поле, три ѕвона (2,1). Сепак кога се во прашање боите овде се забележува малку поголема разновидност од круните. Имено, според односот на боите на полето и ѕвоната се издвојуваат шест блазонски подгрупи, и тоа:

1. црвено, златни три ѕвона (2,1) – два извори
2. златно, црвени три ѕвона (2,1) - еден извор (сл. 3)
3. сино, златни три ѕвона (2,1) - еден извор
4. сино, сребрени три ѕвона (2,1) - еден извор
5. сребрено, црвени три ѕвона (2,1) - еден извор
6. на поле три ѕвона (2,1) без боја - еден извор

Особеност на ѕвоната е тоа што тие четирипати се среќаваат како едноставен грб, а трипати како дел од сложен грб, и тоа: еднаш со лав и двапати со грифон. Во едниот извор грбот е преполовен со црн лав на златни и три ѕвона. Блазоните со грифон се расчетворени, и тоа: во првиот извор редоследот е грифон (1,3) и три ѕвона (2,4), а во другиот обратно.

Од изложеното дотука станува евидентно дека и ѕвоната како и грифонот се појавиле на германска територија основно како дел од циклусот за деветте достоинственици. Најверојатно од таму бил преземени и во други книги пишувани на германски. Ѕвоната се чест симбол на грбовите на Македонија, и тоа опишана токму како земјата на Александар. Оттука употребата на ѕвоната и грифонот во сложени грбови јасно покажува преплетување меѓу грбовите на земјата и владетелот што е целосно во синхрон со средновековната практика каде што



Сл./Fig. 3

she became pregnant and gave birth to Alexander, who had three forms at the same time (Псевдо-Калистен 2008). Another explanation could be found in Plutarch's account of Alexander's birth, that is, when Alexander was born, his father Philip received three pieces of news at the same time: the first that Parmenion had defeated the Illyrians; the second that his horse had won a race in Olympia; and the third that he had a son (Плутарх 1994, 8).

Here, as with the crowns, from a heraldic point of view, the coats of arms of Alexander with bells basically represent one blazon group with a basic blazon that reads: On a field, three bells (2,1). However, when it comes to colours, there is a somewhat greater variety here than with the crowns. Namely, according to the ratio of the colours of the field and the bells, six blazon subgroups are distinguished:

1. Gules, three bells, Or (2.1) – two sources
2. Or, three bells, Gules (2.1) – one source (Fig. 3)
3. Azure, three bells, Or (2.1) – one source
4. Azure, three bells, Argent (2.1) – one source
5. Argent, three bells, Gules (2.1) – one source
6. on the field three bells (2.1) without colour – one source

A peculiarity of the bells is that they occur four times as a simple coat of arms, and three times as part of a complex coat of arms, namely: once with a lion and twice with a griffin. In one source, the coat of arms is parted per pale with a Sable, lion Or and three bells. The blazons with a griffin are quartered: in the first source the order is a griffin (1,3) and three bells (2,4), and in the other the reverse.

From what has been presented so far, it becomes evident that both the bells and the griffin appeared on German territory primarily as part of the cycle of the Nine Worthies. Most likely, it was taken from there in other books written in German. The bells are a frequent symbol on the coats of arms of Macedonia, which is described precisely as the land of Alexander. Hence, the use of bells and griffins in complex coats of arms clearly shows an interweaving between the coats of arms of the country and the ruler, which is completely in

грбот на владетелот е и грб на земјата (Nacevski 2022). Во хералдичка смисла, станува збор за конструкциски стабилен блазон со извесни колебања во распоредот на боите.

ОРЕЛ

Орелот како симбол на Александар се појавува во пет извори и претставува шести по застапеност симбол веднаш по лавот со секира седнат на трон. Првпат го среќаваме во александрида создадена во периодот меѓу 1333 до 1340 година, односно пред крајот на првата половина на 14 век. Според видот на делата, по еден извор е грбовник и историска книга, а преостанатите три извори се алкесандриди. Во однос на јазикот, александридите се на француски јазик, грбовникот на германски, а историјата на фламански. Во грбовникот грбот на Александар не е дел од циклусот на деветте достоинственици. Во Табела 4 се дадени изворите и соодветниот блазон.

Што се однесува до орелот како симбол на Александар постојат повеќе можни објаснувања. Првото објаснување, секако, треба да се бара во тврдењата распространети уште во времето на Александар, дека тој не е син Филипов, туку Севсов. Орелот е потврден Севсов симбол за што сведочи и богато нумизматичко, но и друго археолошко наследство. Така, орел среќаваме на македонски (Шелдаров, Лилчиќ 1994, 202) и пајонски кованици (Павловска 2008, 56). Второ објаснување може да се побара во преземање на византиската или римската традиција. Ова е особено актуелно за двоглавиот орел како силно распространет византиски симбол. Постои и трета мала можност да се работи за мешање со грбот на Цезар од циклусот на деветте достоинственици.



Сл./Fig. 4

Од хералдичка гледна точка, во основа се работи за две блазонски групи, и тоа:

1. на поле едноглав орел (сл. 4)
   1.1 црно, златен орел – двапати
   1.2 златно, црн орел – еднаш
2. на поле двоглав орел (сл. 5)
   2.1 црно, златен двоглав орел – еднаш

agreement with the mediaeval practice where the coat of arms of the ruler is also the coat of arms of the country (Nacevski 2022). In a heraldic sense, it is a structurally stable blazon with certain fluctuations in the arrangement of colours.

EAGLE

The eagle as a symbol of Alexander appears in five sources and is the sixth most common symbol, following the lion with an axe sitting on a throne. We first encounter it in a copy of the Alexander Romance created between 1333 and 1340, i.e. before the end of the first half of the fourteenth century. According to the type of works, one source is an armorial, the second is a history book, and the remaining three sources are in the Alexander Romance. In terms of language, the Alexander Romance is in French, the armorial is in German, and the history is in Flemish. In the armorial, Alexander's coat of arms is not part of the cycle of the Nine Worthies. Table 4 shows the sources and the corresponding blazon.

As for the eagle as a symbol of Alexander, there are several possible explanations. The first explanation should certainly be sought in the claims spread even in Alexander's time that he was not the son of Philip but of Zeus. The eagle is a confirmed symbol of Zeus, as evidenced by a rich numismatic and other archaeological heritage. Thus, we find the eagle on Macedonian (Шелдаров, Лилчиќ 1994, 202) and Paionian coins (Павловска 2008, 56). A second explanation can be sought in the adoption of Byzantine or Roman tradition. This is especially relevant for the double-headed eagle as a widely spread Byzantine symbol. There is also a third and small possibility of confusion with the coat of arms of Caesar from the cycle of the Nine Worthies.

From a heraldic point of view, there are basically two blazon groups:

1 on the field a single-headed eagle (Fig. 4)
1.1 Sable, an eagle Or – twice
1.2 Or, an eagle Sable – once
2. on the field a double-headed eagle (Fig. 5)

2.2 златно, црн двоглав орел – еднаш

Станува јасно дека орелот претставува стабилна блазонска група, која се јавува на поширок европски простор уште во почетокот на 14 век. Групата е стабилна и во однос на застапеноста на боите со нивен евидентен инверзен однос.



Сл./Fig. 5

2.1 Sable, a double-headed eagle Or – once

2.2 Or, a double-headed eagle, Sable – once

It becomes clear that the eagle represents a stable blazon group that appears in a wider European area as early as the beginning of the fourteenth century. The group is also stable in terms of the representation of the colors with an evident inverse relationship between them.

ПРЕВЕЗ/СКОСЕН НА

Превезот е хералдичка фигура која претставува дијагонална лента што почнува од горната десна хералдичка страна (Јоновски 2010). Скосен е една од основните поделби на штитот и претставува дијагонална линија која минува од горниот хералдички десен до долниот хералдички лев агол (Јоновски 2009). Полето на штитот може да биде скосено на повеќе линии сè додека нивниот број е непарен. Ако бројот на линиите е парен, тогаш се добиваат еден или повеќе превези. Превез/скосен како симбол на Александар се среќава во три извори. Сите извори потекнуваат од различен век. Најстариот е од 14 век, а по еден извор е и од 15 и 16 век. Два извори се општо историски книги, а еден грбовник. Во однос на јазикот по еден извор е на латински, германски и шпански јазик. Грбот на Александар во сите три извори е надвор од циклусот на деветте достоинственици. Во Табела 5 се дадени изворите и соодветниот блазон.

Врската меѓу превезите како симбол и Александар е сосема нејасна. Сепак, овие грбови се во директна врска со грбот на кралот на Солун, од Солунското Кралство на крстоносците. Најстариот извор што споменува грб на кралот на Солун датира од 1265 – 1270 година (Armorial Wijnbergen) и е доволно близок да припишаниот грб на Александар. Треба да се напомене дека овој грб се разликува од грбот на Бонифаций Монфератски, крал на Солун од 1204 до 1207 година, но има аналогија со грбот на маркизот од Финале, Лигурија (Италија), чии владетели се од друга подоцнежна семејна гранка на семејната лоза Алерамичи од која


Сл./Fig. 6

BEND AND PER BEND

The bend is a heraldic figure that represents a diagonal strip that starts from the upper dexter side of the shield (the upper left as viewed) (Jonovski 2010). *Per bend* is one of the basic divisions of the shield and represents a diagonal line that passes from the upper heraldic right to the lower heraldic left corner (Jonovski 2009). The field of the shield can be parted per bend on multiple lines as long as their number is odd. If the number of lines is even, then one or more bends are obtained. The bend/per bend as a symbol of Alexander is found in three sources. All sources originate from different centuries. The oldest is from the fourteenth century, and the other two sources are from the fifteenth and sixteenth centuries. Two sources are in general history books, and one in an armorial. In terms of language, one source each is in Latin, German and Spanish. Alexander's coat of arms in all three sources is outside the cycle of the Nine Worthies. Table 5 gives the sources and the corresponding blazon.

The connection between the bend as a symbol and Alexander is quite unclear. However, these coats of arms are directly related to the coat of arms of the King of Thessalonica, from the Crusader Kingdom of Thessalonica. The oldest source mentioning the coat of arms of the King of Thessalonica dates from 1265–1270 (Armorial Wijnbergen) and is similar enough to the coat of arms attributed to Alexander. It should be noted that this coat of arms differs from the coat of arms of Boniface of Montferrat, King of Thessalonica from 1204–1207, but has an analogy with the coat of arms

потекнува и Бонифацијa Монфертски. Како и да е, врската меѓу овие два грба е сè уште несигурна. Досега не е пронајден ваков вид грбови, а да се припишани на кралот на Македонија.

Од хералдичка гледна точка, во основата се работи за мала блазонска група со две подгрупи, и тоа:

1. превези (сл. 6)
1.1 сребрено, три црвени превези – еден извор
1.2 поле, пет превези, без боја – еден извор
2. скосен на (сл. 7)
2.1 во син обраб, скосен на пет, црвено и сребрено – еден извор

Малиот број извори како и големата временска, но и просторна дискрепанција засега не дозволуваат да се донесе некој темелен заклучок за овие блазони. Првенствено треба да се провери врската со солунските кралеви како и подоцнежните претенденти на тој престол.



Сл./Fig. 7

of the Marquisate of Finale, Liguria (Italy) whose rulers are from another later family branch of the Aleramichi family line from which Boniface of Montferrat also originates. However, the connection between these two coats of arms is still uncertain. No such coat of arms attributed to the King of Macedonia has been found so far.

From a heraldic point of view, it is basically a small blazon group with two subgroups, namely:

1. Bends (Fig. 6)
1.1 Argent, three bends Gules– one source
1.2 field, five bends, without colour – one source
2. Per bend (Fig. 7)
2.1 In a border, Azure, per bend of five, Gules and Argent – one source

The small number of sources as well as the large temporal and spatial discrepancy do not allow for the time being to draw any fundamental conclusion about these blazons. The connection with the Salonika kings as well as the later pretenders to that throne should be checked first.

ВОЛК

Волкот како симбол на Александар засега се појавува само во еден извор од самиот почеток на 16 век. Имено, во австриската национална библиотека се чува превод на Плутарховите биографии (Sieder 1502, f. 9v). Преводот е направен од Јохан Сидер и објавен е во 1502 година, во Виена. Во книгата се поместени минијатури на Александар Македонски, Ханибал, Скипион Африканус и Серториус. На фолио број 9 е прикажан Александар во цел раст, облечен во оклоп и шлем со златна круна (сл. 8). Во левата рака држи долг меч потпрен на земја, а со десната придржува штит. На штитот може јасно да се види емблазониран грб: сребрено, разјарен волк, природно.

Врската меѓу волкот како симбол и Александар треба да се бара преку припишаните грбови на принцот на Ематија. Ематија е едно од имињата за Македонија (Smoot 2015, 150) користено во древноста. Во поограничена смисла таа



Сл./Fig. 8

WOLF

The wolf as a symbol of Alexander appears only in one source from the very beginning of the sixteenth century. Namely, the Austrian National Library keeps a translation of Plutarch's Biographies (Sieder 1502, f. 9v). The translation was made by Johann Sieder and was published in 1502, in Vienna. The book contains miniatures of Alexander the Great, Hannibal, Scipio Africanus and Sertorius. On folio number 9, Alexander is depicted in fully grown, dressed in armour and wearing a helmet with a golden crown (fig. 8). In his left hand he holds a long sword resting on the ground, and with his right he holds a shield. On the shield, an emblazoned coat of arms can be clearly seen: Argent, a Wolf rampant, Proper.

The connection between the wolf as a symbol and Alexander should be sought through the attributed coats of arms of the prince of Emathia. Emathia is one of the names for Macedonia (Smoot 2015, 150) used in antiquity. In a more limited sense, it represents

претставува област на македонското крајбрежје на Егејско Море меѓу устието на реката Бистрица и делтата на реката Вардар (Проева 2004, 21 – 26), но и старо име за Солун (Papazoglou 1988, 196 – 197). Ематиски и ематиски водач се чести епитети на римските автори за Александар Македонски. Ваквиот приказ повторно оди во прилог на тврдењето дека грбот на кралот е грб на земјата.

Грбовите на Ематија се непозната и слабо истражувана подгрупа. Матковски во неговите истражувања за грбот на Македонија воопшто не дошол до сознанија за неа. Нејзиното откривање и претставување во македонската хералдичка наука е дело на Јован Јоновски (Jonovski 2005). Досега ова беше единствен ваков извор опишан кај нас. Во меѓувреме светлото на денот го видоа уште два извори со грб на Ематија (Нацевски 2022) (сл. 9). Иако се работи за мал број примери, односно само три, сепак се чини дека е во прашање подгрупа со стабилен блазон во однос на хералдичката фигура. Два од изворите се грбовници, а еден историски трактат. Сите се печатени на хартија кон крајот на 16 век. Во однос на јазикот по еден извор се на англиски, француски и латински јазик. Евидентно е дека волкот како симбол во 16 век е распространет на широка територија и е јасно асоциран со Александар и со Македонија.



Сл./Fig. 9

ЈАРЕЦ/КОЗА

Јарецот, односно козата како симбол на Александар се појавува во еден извор. Се работи за графика чувана во австриската национална библиотека во Виена. На неа Александар е прикажан како го јава Букефал и во десната рака вее знаме на копје. На знамето е прикажан јарец/коза (Alexander, Adel). (сл. 10) На самата графика отсуствува боја или пак хералдичка шрафура. Јарецот како симбол на Александар има директна врска со грбот на Македонија. Имено, во Универзитетската библиотека во Тубинген се чува ракописен грбовник од 16 век, познат како



Сл./Fig. 10

an area on the Macedonian coast of the Aegean Sea between the mouth of the Bistrica River and the delta of the Vardar River (Проева 2004, 21 – 26), but also an old name for Thessaloniki (Papazoglou 1988, 196 – 197). Emathian and Emathian leader are frequent epithets of Roman authors for Alexander the Great. This depiction again supports the claim that the king's coat of arms is the coat of arms of the country.

The coats of arms of Emathia are an unknown and poorly researched subgroup. Matkovski in his research on the coat of arms of Macedonia did not find any information about it at all. Its discovery and presentation in Macedonian heraldic science is the work of Jovan Jonovski (Jonovski 2005). So far, this was the only such source described in our country. In the meantime, two more sources with the coat of arms of Emathia have been discovered (Nacevski 2022) (Fig. 9). Although there is only a small number of examples, that is, only three, it still seems to be a subgroup with a stable blazon in relation to the heraldic figure. Two of the sources are armorials, and one is a historical treatise. All were printed on paper towards the end of the 16th century. In terms of language, one source is in English, one in French, and one in Latin. It is evident that the wolf as a symbol in the sixteenth century was widespread over a large territory and was clearly associated with Alexander and Macedonia.

GOAT

The goat as a symbol of Alexander appears in one source. It is a picture kept in the Austrian National Library in Vienna. It shows Alexander riding Bucephalus and waving a flag on a spear in his right hand. The flag depicts a goat (Alexander, Adel). (Fig. 10) The graphic itself lacks colour or heraldic hatching. The goat as a symbol of Alexander has a direct connection with the coat of arms of Macedonia. Namely, the University Library in Tübingen has a manuscript armorial from the sixteenth century known as the *Koloriertes Wappenbuch*. It contains the coat of arms of

Koloriertes Wappenbuch. Во него се наоѓа грб на Македонија со блазон: зелено, разгневен сребрен јарец, на десно (Kolorierte Wappenbücher). (сл. 11) Потеклото и симболиката на овој блазон треба да се бара во изворите за античка Македонија. Се претпоставува дека името Ајга, првата македонска престолнина, името го добила по коза. Кај Јустин се среќава податок дека пред знамињата на војската на Каран, легендарен македонски крал, оделе кози кои му го покажале патот до неговото кралство каде што тој го основал градот Ајга. Дополнително протом на коза е прикажан не само на монетите на Ајга туку и на кралските монети (Проева 2014, 181 – 182).



Сл./Fig. 11

ЗАКЛУЧОК

Досега имавме можност да обработиме четириесетина извори со грб на Александар Македонски, напишани на четири јазици, и тоа: германски, француски, латински и шпански. Во изворите се среќаваат седум хералдички фигури, и тоа: грифон, три круни, три ѕвона, орел, превези, волк и јарец, односно коза. Најзастапен симбол е грифонот со дванаесет, па круните со единаесет, ѕвоната со седум, орелот со пет, превезите со три, а волкот и јарецот со по еден извор. Од разгледаните извори лесно се воочува јасна поделба на симболите. Така, во извори на германски јазик доминира грифонот и ѕвоната. Преостанатите симболи се среќаваат на поширока територија. Изворите даваат силни индикации за врска меѓу грбот на Александар и грбот на Македонија. Таа е јасно видлива од примерите со волк, коза, лав и ѕвона, а произлегува од феудалната идеја за земјата како сопственост на владетелот, па оттука грбот на владетелот е и грб на земјата. Имајќи го предвид широкиот временски распон во кој настанале овие извори, се отвора можност и за откривање на најстариот хералдички слој поврзан со Александар и Македонија, а кој датира практично од самите почетоци на хералдиката воопшто. Како резултат на тоа се проследува и развојот на грбовите. Во однос на семантиката и семиотиката на симболите се забележува извесна корелација со легендите, митовите и историските наративи за Александар. Се забележува недостиг на италијански извори меѓу обработените дела. Тешко

Macedonia with a blazon: Vert, a goat to sinister Argent (Kolorierte Wappenbücher). (Fig. 11) The origin and symbolism of this blazon should be sought in the sources for ancient Macedonia. It is assumed that the name Aiga, the first Macedonian capital, was named after a goat. Justin records that goats walked in front of the banners of the army of Caranus, a legendary Macedonian king, showing him the way to his kingdom where he founded the city of Aiga. Additionally, a goat motif is depicted not only on Aiga's coins but also on royal coins (Проева 2014, 181 – 182).

CONCLUSION

So far, we have had the opportunity to process about forty sources with the coat of arms of Alexander the Great, written in four languages: German, French, Latin and Spanish. The sources contain seven heraldic figures: a griffin, three crowns, three bells, an eagle, bends, a wolf and a goat. The most common symbol is the griffin with twelve examples, then the crowns with eleven, the bells with seven, the eagle with five, the bends with three, and the wolf and goat with one source each. From the sources reviewed, a clear division of the symbols is easily discernible. Thus, in sources in the German language, the griffin and the bells dominate. The remaining symbols are found on a wider territory. The sources provide strong indications of a connection between the coat of arms of Alexander and the coat of arms of Macedonia. It is clearly visible from the examples with a wolf, goat, lion and bells, and arises from the feudal idea of the land as the property of the ruler, hence the ruler's coat of arms is also the coat of arms of the country. Considering the wide time span in which these sources were created, the possibility opens up for discovering the oldest heraldic layer associated with Alexander and Macedonia, which dates practically from the very beginnings of heraldry in general. As a result, the development of coats of arms is also traced. In terms of the semantics and semiotics of the symbols, a certain correlation with the legends, myths and historical narratives about Alexander

е да се замисли дека Александар отсуствува како мотив во средновековна Италија. Затоа ќе треба да се извршат дополнителни истражување на италијанска средновековна книжнина и грбовници.

is noted. A lack of Italian sources is observed among the works processed. It is difficult to imagine that Alexander is absent as a motif in mediaeval Italy. Therefore, additional research on Italian mediaeval literature and roll of arms need to be carried out.

БИБЛИОГРАФИЈА • BIBLIOGRAPHY

Ацовиќ, Драгомир. 2008. *Херлдика и срби*. Београд, Завод за уџбенике.

Јоновски, Јован. 2009. Македонски терминолошки речник. *Македонски Хералд* 3. https://journals.mk/index.php/mkherald/issue/view/259

Јоновски, Јован. 2010. Македонски терминолошки речник. *Македонски Хералд* 4. https://journals.mk/index.php/mkherald/issue/view/260

Јоновски, Јован. 2015. *Симболите на Македонија*. Скопје, Силсонс.

Матковски, Александар. 1970. *Грбовите на Македонија*. Скопје, НИП Нова Македонија

Милетичъ, Любомир. 1936. *Една българска александрия от 1810 год*. София, БАН.

Плутарх. 1994. *Александар Македонски*. Скопје, Детска радост.

Проева, Н. 2004. *Историја на Аргеадите*. Скопје, Графотисок.

Проева, Нада. 2014. *Религија на античките Македонци*. Скопје, Графотисок.

Псевдо-Калистен. 2008. *Животот и делата на Александар Велики* (GESTA ALEXANDRI). Превод од старогрчки, предговор и белешки, Весна Димовска-Јањатова. Скопје, Слово.

Шелдаров, Н. Лилчиќ, В. 1994. *Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија*. Скопје, Македонска цивилизација – Скопје.

Aarau, Aargauer Kantonsbibliothek, MsWettF 16: 1. *Silbereisen: Chronicon Helvetiae*, Part I (https://www.e-codices.unifr.ch/en/list/one/kba/0016-1).

Alexander, Adel, and Alexander III. Alexander Der Große, *König von Makedonien*, n.d. https://data.onb.ac.at/rep/BAG_4285492.

Armorial général, d›origine vraisemblablement lorraine, précédé de deux courts traités de blason. Ms Français 18651, f. 1r. Département des Manuscrits. Bibliothèque nationale de France http://archivesetmanuscrits.bnf.fr/ark:/12148/cc47921q

Armorial Wijnbergen. 1265 – 1270. Ms. 2569. Collection Goethals. Koninklijke Bibliotheek van België

Cary, George (1956). T*he Medieval Alexander*. Cambridge, The University Press

Jonovski, Jovan (2005). "Macedonius` Wolf Argent". *Macedonian Herald*, no. 1 (May 16, 2005): 1–2. https://doi.org/10.47763/mher051001j

Nacevski, Ivan. 2016. "Blason of the Lion in the Attributed Arms of Alexander III of Macedonia". *Macedonian Herald*, no. 10 (December):12-19. https://doi.org/10.47763/mher16100012n.

Nacevski, Ivan. (2019). "The Influence of Julio Cesare Carpaccio's Delle Imprese on Illyrian Heraldry and the Macedonian Land Coat of Arms". *Macedonian Herald*, no. 13 (December):3-15. https://doi.org/10.47763/mher1913003n.

Nacevski, Ivan. (2022). "The Coat of Arms of Macedonia in Western European Sources". *Macedonian Herald*, no. 19:26-45. https://doi.org/10.47763/mher2219026n.

Nacevski, Ivan (2022). "The Emergence and Development of the Coat of Arms of Macedonia in Illyrian Heraldry. *Genealogy* 2022, 6, 44. https://doi.org/10.3390/genealogy6020044

Kolorierte Wappenbücher. 1500 – 1600. Md 247 – 1 p. 2. Bibliotheca Windhagiana, Tübingen Universitätsbibliothek https://opendigi.ub.uni-tuebingen.de/opendigi/Md247-1

Pavlovska Eftimija (2008). *The Coins of Paeonia from the Numismatic Collection of NBRM*, Skopje, National Bank of the Republic of Macedonia.

Papazoglou, Fanoula. (1988). *Les Villes de Macédoine À L'époque Romaine*. Vol. 16. Ecole française d'Athènes.

Pade, Marianne. (2007). *The Reception of Plutarch›s Lives in Fifteenth-Century Italy*, 2 vols. Copenhagen, Museum Tusculanum Press

Rufus, Curtius. (1809). *The History of the life and reign of Alexander the Great*. London, Printed for Samuel Bagster, in the Strand.

Sieder, Johann. (1502). *Übersetzung des Plutarch (Alexander der Große, Hannibal, Scipio Africanus, Sertorius)*. Cod. 2856*. Wien, Österreichische Nationalbibliothek

Smoot, Guy P. (2015). *Ethnicity, Ethnogenesis and Ancestry in the Early Iron Age Aegean as Background to and through the Lens of the Iliad*. Doctoral dissertation, Harvard University, Graduate School of Arts & Sciences.

Voynikov, Ivan (2011), "Macedonia from a Heraldic Perspective (14th -18th C.)", *Herold,* 3 avgust 2011 (3-13).

Znamierowski, Alfred. (2017). *Heraldyka i weksylologia*. Warszawa, Arkady.

Табела/Table 1. Грифон / Griffon			
Вид/ Type	Извор/Source	Блазон/Blazon	Јазик Lang
Грбовници Armorials	Ingeram-Codex[1]	Црно, златен грифон Sable a griffon Or	Германски /German
	Wappenbuch des St. Galler Abtes[2]		
	Hofkleiderbuch[3]		
	Wappenbuch besonders deutscher Geschlechter[4]		
	Opus Insignium Armorumque		
	Das Erneuerte und vermehrte Teutsche Wappenbuch[5]		
	Sammelband mehrerer Wappenbücher[6]		
	Wernigeroder (Schaffhausensches) Wappenbuch[7]		
Графика Graphics	Alexander III. (der Große), König von Makedonien[8]	Црно, златен грифон Sable a griffon Or	
	Die drei guten Heiden[9]		
	Alexander der Grosse		
Александрида Romance	Hiernach volget die histori von dem grossen Alexander[10]	Грифон, нема бои Griffon, no colors	

Табела/Table 2. Три круни /Three crowns			
Вид /Type	Извор /Source	Блазон/Blazon	Јазик/ Lang.
Грбовници Armorials	Ortenburger Wappenbuch[11]	Три круни, без бои Three crowns, no color	Германски / German
	Chronik des Konstanzer Konzils[12]	Сино, три златни круни Azure, three crowns Or	
	Donaueschinger Wappenbuch[13]		
	Wappenbuch Grünenberg[14]		
	Jörg Rugens Wappenbuch[15]		
	Wernigeroder Wappenbuch[16]		
	Wappenbuch[17]	Црвено, три златни круни Gules, three crowns Or	
	Silbereisen: Chronicon Helvetiae[18]		
	Armorial général[19]	Сино, три златни круни Azure, three crowns Or	Француски/ French
Александриди Romance	La Vraye Histoire du Bon Roy Alixandre[20]	Црвено, три златни круни Gules, three crowns Or	
	Histories de Alexandre le grand	Сино, три златни круни Azure, three crowns Or	

Табела/Table 3. Три звона / Three bells			
Вид/Type	Извор/Sources	Блазон/Blazon	Јазик Lang.
Книги/ Books	Weltchronik. Sibyllenweissagung. Antichrist[21]	Златно, три црвени звона Or, three bells Gules	Германски /German
	Schedel, Hartmann: Weltchronik [22]	Три звона, без боја Three bells, no color	
Грбовници Armorials	Das Uffenbachsche Wappenbuch[23]	Црвено, три златни звона Gules, three bells Or	
	Wernigeroder Wappenbuch [24]		
	Wappenbuch[25]	Сино, три сребрени звона Azure, three bells Argent	
Графика Graphics	Alexander Magnus [26]	Сино, три златни звона Azure, three bells Or	
	Alexander der Grosse, sein Vater und seine Mutter	Три звона, без боја Three bells, no color	

Табела/Table 4. Орел /Eagle			
Вид/Type	Извор/Sources	Блазон/Blazon	Јазик Lang.
Александриди Romance	Roman d'Alexandre en prose [27]	Златно, црн орел Or, an eagle Sable	Француски/ French
	Roman d'Alexandre [28]	Црно, златен орел Sable, an eagle Or	
	Roman d'Alexandre	Златно, црн двоглав орел Or, a double headed eagle Sable	
Книга Books	Spieghel Historiael [29]	Црно, златен орел Sable, an eagle Or	Гер./Germ
Грбовник/ Armorials	Benediktiners zu Seeon [30]	Црно, златен двоглав орел Sable, a double headed eagle Or	

Табела/Table 5. Превези/скосено/ Bend			
Вид/Type	Извор/Sources	Блазон/Blazon	Јазик Lang.
Книги /Books	Anonymi chronicon[31]	Сребро, 3 црвени превези Argent, 3 bends Gules	Лат. Latin
	Los nueve preciados de la fama[32]	Пет превези, без боја 5 bendlets, no color	Шпан Span.
Грбовник Armorials	Sammelband Wappenbücher [33]	Црвен обраб, сребрено и сино, скосено /Per bend Argent and Azure, a bordure Gules	Герм Germ

1. Ingeram, H. 1459. Ingeram-Codex Wappenbuch des Österreichischen Herzogs Albrecht VI. A2302. Hofjagd – und Rüstkammer (Waffensammlung). Kunsthistorisches Museum
2. Wappenbuch des St. Galler Abtes Ulrich Rösch, Cod. Sang. 1084, p. 17. St. Gallen, Stiftsbibliothek. http://dx.doi.org/10.5076/e-codices-csg-1084
3. Hofkleiderbuch. Cgm 1952, p.0042. Codices germanici monacenses – Deutsche Handschriften. München, BSB.
4. Bertschi, N. 1542. Wappenbuch besonders deutscher Geschlechter. Code icon. 308, f. 24v. Codices iconographici. BSB.
5. Siebmacher, J. 1657. Das Erneuerte und vermehrte Teutsche Wappenbuch. 4 Gen 210, p. 87. Augsburg, Staats – und Stadtbibliothek
6. Sammelband mehrerer Wappenbücher. 1530. Cod. icon. 391, 6v. Codices iconographici. München, BSB.
7. Wernigeroder Wappenbuch. 1475-1500. Cod.icon. 308n, 17r. Codices iconographici. München, BSB.
8. Solis, V. 1550. Alexander III. (der Große), König von Makedonien. A 166, 1; Bartsch 58. Dresden, Staatliche Kunstsammlungen
9. Stiftung Wredowsche Zeichenschule Brandenburg/ Havel. «V01798Kb: Die drei guten Heiden» last modified 2023-10-24. https://brandenburg.museum-digital.de/object/68485
10. Hartlieb, J. 1478. Hiernach volget die histori von dem grossen Alexander. 2 Inc.c.a. 730, 1r. Incunabula cum anno. München, BSB
11. Ortenburger Wappenbuch. 1466-1473. Cod.icon. 308u, f. 225r. Codices iconographici. München, BSB
12. Richental, U. 1483. Chronik des Konstanzer Konzils. Augsburg, Anton Sorg. 98v. doi:10.11588/ diglit.9340
13. Donaueschinger Wappenbuch. 1433-1460. Hs.Don.496. Badische Landesbibliothek (BadLB)
14. Grünenberg, K. 1483. Das Wappenbuch Conrads von Grünenberg, Ritters und Bürgers zu Constanz. Cmg 145, (0005). Cmg – Deutsche Handschriften. München, BSB
15. Rugens, J. 1495 – 1498. Wappenbuch. Cod. 545. Innsbruck, Universitäts- und Landesbibliothek Tirol
16. Wernigeroder Wappenbuch. 1475-1500. Cod.icon. 308n. Codices iconographici. München, BSB.
17. Wappenbuch. 1500 – 1550. Cod.icon. 392d. f. 4r. Codices iconographici. München, BSB.
18. Aarau, Aargauer Kantonsbibliothek, MsWettF 16: 1, p. 549: Silbereisen: Chronicon Helvetiae, Part I (https://www.e-codices.unifr.ch/en/list/one/kba/0016-1).
19. Armorial général, d›origine vraisemblablement lorraine, précédé de deux courts traités de blason. Ms Français 18651, f. 1r. Département des Manuscrits. Bibliothèque nationale de France
20. La Vraye Histoire du Bon Roy Alixandre. 1400 – 1500. Royal MS 20 B XX. British Library.
21. Weltchronik. Sibyllenweissagung. Antichrist. Cgm 426, p. 34. Codices germanici monacenses-Deutsche Handschriften. München, BSB
22. Schedel, Hartmann. 1493. Schedel, Hartmann: Weltchronik. Rar. 287. Rariora - Besonders seltene Druckausgaben. München, BSB
23. Uffenbachsche Wappenbuch. 1440 – 1443. Cod. 90b in scrinio. Hamburg, Staats- und Universitätsbibliothek
24. Wernigeroder Wappenbuch. 1475-1500. Cod.icon. 308n, 17r. Codices iconographici. München, BSB.
25. Wappenbuch. 1500 – 1550. Cod.icon. 392d. f. 2v. Codices iconographici. München, BSB.
26. Richter, Regine: Alexander Magnus, Blatt 4v, 2006.01. http://www.deutschefotothek.de/ documents/obj/81067111 посетено на 30.03.2024
27. Roman d›Alexandre en prose. 1333 – 1340. Royal MS 19 D I, f.14r. British Library.
28. Roman d›Alexandre. 1290-1300. Harley MS 4979 f.72r. British Library.
29. Maerlant, J. 1325 – 1335. Spieghel Historiael. KA 20. The Hague, KB.
30. Wolfgang Schaumbergers. 1719. Benediktiners zu Seeon, Centones stemmatographici (Geschichte bayrischer Adelsgeschlechter, Wappen, Grabsteine etc.). Cgm 2273. Codices germanici monacenses-Deutsche Handschriften BSB
31. Colbetinus. 1300 – 1400. Anonymi chronicon à mundi creatione ad annum 1220. Latin 4935, f. 19r. Département des Manuscrits. BnF
32. Navarro, J., Soler, O. 1541. Los nueve preciados de la fama. Cronica llamada el triu[n]pho de los nueue mas preciados varones de la fama: En la qual se contiene las vidas de cada vno dellos, y las grandes proezas y excelle[n]tes hechos ... en armas por aq[ue]llos hechas. Impresso en la muy noble ciudad de Valencia: por Juan nauarro, impressor de libros. 21
33. Sammelband mehrerer Wappenbücher. 1530. Cod. icon. 391, 4r. Codices iconographici. München, BSB.

УФЕНБАХОВИОТ ГРБОВНИК

Бранко Тодоровиќ

Друштво на српските грбоносци „Милош Обилиќ“, Белград, Србија

Рецензирана статија

АПСТРАКТ

Грбовникот е именуван по еден од неговите сопственици, Захариј Конрад фон Уфенбах (1683-1734), и припаѓа на Бодензе групата на германски грбовници, создадени на брегoвите на Боденското Езеро, и е еден од нејзините најстари членови, настанат некаде помеѓу 1390 и 1410 година. Она што го прави овој грбовник важен за нас е фактот што грбовникот на Уфенбах е еден од најстарите европски грбовници од крајот на 14 и почетокот на 15 век, во кој се наоѓаат некои грбови од Балканот.

Некои од нив се веќе познати, а посветено е внимание на оние што ги препознаваме, но за кои сè уште знаеме малку. Оние што ни се сосема непознати ќе се обидеме да ги разгледаме во светлината на историските околности во кои се појавиле и врз основа на изворите што ни се достапни.

Се утврдува дека некои грбови се создадени многу порано отколку што се претпоставуваше претходно и дека всушност доаѓаат од Запад, и не се плод на имагинацијата на Дон Петар Охмучевиќ, иако благодарејќи на него, неколку века подоцна, тие ќе станат составен и неразделен дел од хералдиката на сите земји од ова подрачје.

Клучни зборови: Уфенбах, европски грбовници, илирска хералдика



https://orcid.org/0009-0005-1760-8738
todorovic.branko@yahoo.com

https://doi.org/10.47763/mher2025.6540
Поднесено / Submitted 22.2.2025
Ревидирано / Revised 24.2.2024
Прифатено / Accepted 16.6.2025
Објавено / Published 8.10.2025

Creative Commons License

Авторските права на написите остануваат кај авторот.
Copyright of the articles remains with the author.

Наведи извор-Некомерцијално-Сподели под исти услови (CC BY-NC-SA 4.0) Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International

Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка /**Funding**: This research did not receive any financial support/
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека нема конкурентски интереси/ **Competing Interests**: The authors declare no competing interests

OPEN ACCESS

UFFENBACH ARMORIAL

Branko Todorovic

Society of Serbian Armigers,“Milos Obilic“, Belgrade , Serbia

Peer-reviewed article

ABSTRACT

The armorial named after one of its owners, Konrad von Uffenbach (1683-1734), is one of the oldest German armorials, created on the shores of Lake Constance, and is one of the oldest examples, dating back to between 1390 and 1410. What makes this armorial important to us is that it the Uffenbach armorial, one of the oldest European armorials from the late 14th and early 15th centuries that includes some coats of arms from the Balkans.

Some of the arms are already known, however we pay special attention to those that we recognise, but about which little is still known. Those that are completely unknown, we will try to look at in the light of the historical activities in which they appeared and on the basis of sources that have not been published.

It is plain that some of the coats of arms are emblazoned with many changes that were previously assumed and that in fact were brought from the West, and which are not inventions of Don Petar Ohmučević, although thanks to him, several centuries later, they became an integral and inseparable part of the heraldry of all the countries in this area.

Keywords: Uffenbach, European heraldry, Illyrian heraldry

ЗА ИСТОРИЈАТА НА РАКОПИСОТ

Оваа средновековна хералдичка збирка[1], именувана по еден од нејзините сопственици, Захариј Конрад фон Уфенбах (1683-1734), припаѓа на таканаречената група Бодензе на германските грбовници,[2] и е еден од нејзините најстари членови. Времето на создавање на овој грбовник е сместено помеѓу последните години на 14-ти и првите децении на 15 век. Мислењата на научниците кои го проучувале се разликуваат, но тие се повеќе или помалку во согласност со мислењето на германскиот историчар Вернер Паравицини, кој го датира времето на создавање на овој ракопис во периодот помеѓу 1390 и 1410 година (Paravicini 1990).

Оправданоста за ова мислење се одразува првенствено во фактот дека поголемиот дел од грбовите им припаѓаат на владетели и благородници кои биле на врвот на својата моќ во периодот помеѓу 1350 и 1395 година (Clemmensen 2012, 3). Сепак, бидејќи најверојатно не зборуваме за примарен извор, туку за копија од постар грбовник, од оваа причина е оправдано да се земе овој период како најверојатен можен момент на неговото создавање. Овој период е потврден и со елементи од стилот во кој е насликан грбовникот, кои можат да се сместат во критичниот период и почетокот на 15 век (Clemmensen 2012, 3).

Местото на потекло на грбовникот на Уфенбах никогаш не е прецизно утврдено, но врз основа на резултатите од претходните истражувања, може со сигурност да се каже дека е создаден некаде во областа западно од реката Рајна. Ова го прави специфичен во однос на другите грбовници што припаѓаат на групата Бодензе, бидејќи тие најчесто биле создадени на брегoвите на Боденското Езеро.

Бидејќи оригиналниот изглед на грбовникот не е целосно зачуван, денес можеме само делумно да го споредиме со другите членови на групата, најмногу поради оригиналноста на неговата содржина. Така, некои од неговите сегменти се јасно видливи во подоцнежните грбовници, создадени за време и кон крајот на 15 век, а еден од нив, кој се совпаѓа со оној на Уфенбах по својата содржина во над 50 % од грбовите, е милтенбергерскиот грбовник (гер: *Miltenberger Wappenbuch*), за кој францускиот хералдички научник Жан-Клод Луч пишувал детално помеѓу 1989 и 1993 година (Loutsch, 1989, 1990, 1991,

ABOUT THE HISTORY OF THE MANUSCRIPT

This medieval heraldic collection, named after one of its owners, Zacharias Conrad von Uffenbach (1683-1734), belongs to the so-called Bodensee group of German armorials,[1] and it is one of its oldest members. The date of creation of this armorial is placed between the last years of the 14th and the first decades of the 15th century. The opinions of the scholars who have studied it differ, but they are more or less in accordance with the opinion of the German historian Werner Paravicini, who dates the time of creation of this manuscript to the period between 1390 and 1410 (Paravicini 1990).

The justification for this opinion is reflected primarily in the fact that the majority of the coats of arms belong to rulers and nobles who were at the peak of their power in the period between 1350 and 1395 (Clemmensen 2012, 3). However, since we are most likely not talking about a primary source, but about a copy of an older armorial, for this reason it is justified to take this period as the most likely possible moment of its creation. This period is also confirmed by elements of the style in which the coat of arms is painted, which can be placed in the critical period and the beginning of the 15th century (Clemmensen 2012,3).

The place of origin of the Uffenbach armorial has never been precisely determined but, based on the results of previous research, it can be safely said that it was created somewhere in the area west of the Rhine River. This makes it specific in relation to other armorials belonging to the Bodensee group, as they were most often produced on the shores of Lake Constance.

Since the original appearance of the armiral is not fully preserved, we can only partially compare it with other members of the group today, mostly due to the originality of its content. Thus, some of its segments are clearly visible in later armorials, created during and towards the end of the 15th century, and one of them, which coincides with that of Uffenbach in its content in over 50% of the coats of arms, is the Miltenberger Armorial (German: Miltenberger Wappenbuch), about which the French heraldic scholar Jean-Claude Loutsch wrote in detail between 1989 and 1993 (Loutsch, 1989, 1990,

1992, 1993).

Покрај милтенбергерскиот грбовник, пронајдени се сличности со донаушингенскиот (гер: *Donaueschinger Wappenbuch*) и гринебершкиот (гер. *Grünenbergs Wappenbuch*), исто така членови на оваа група.

ИСТОРИЈА НА ПРОУЧУВАЊЕТО

Откако станал сопственост на Градската библиотека во Хамбург, а сега Државна и универзитетска библиотека во Хамбург, во 1747 година, грбовникот на Уфенбах, каталогизиран како *Cod. 90b in scrinio*, е опишан неколку пати (Clemmensen 2012, 4). Првиот што го сторил тоа бил Пол Х. Трумер, кој објавил статија за грбовникот на Уфенбах во „Германски Хералд“ во 1914 година под наслов „*Uffenbachsches Wappenbuch*“. Следното дело во кое се споменува овој ракопис е отпечатено во 1939 година, во пресрет на Втората светска војна, во Берлин под наслов „*Beiträge zur Geschichte der Heraldik*“, а потпишано од Ерих фон Берхем, Дејвид Л. Галбрет и Ото Хуп. Грбовникот на Уфенбах ќе биде дел и од каталогот на ракописи на Државната и универзитетска библиотека во Хамбург, отпечатен под наслов *Die Codices in scrinio der Staats- und Universitätsbibliothek Hamburg*, а уреден од Тило Брандис. Како што веќе споменавме, во 1990 година било објавено делото на Вернер Паравици „*Das Uffenbachsche Wappenbuch*“, кое е воедно и првото фототипско издание на грбовникот на Уфенбах. Најновото издание на оваа тема е истражувачката работа на Стен Клеменсен од 2012 година, насловена како „*Das Uffenbachsche Wappenbuch*“, што исто така било искористено како основа за нашето запознавање со овој ракопис (Clemmensen 2012, 4).

СЕГАШНА СОСТОЈБА НА РАКОПИСОТ И НЕГОВАТА СОДРЖИНА

Грбовникот на Уфенбах моментално се состои од 88 листа со димензии 175×205 mm, од кои секој е составен од два оригинални листа залепени заедно, така што денешниот грб се состои од вкупно 176 зачувани одделни листови од оригиналот. Во зависност од наведениот извор, тој сега содржи 587 грба и 5 минијатури, или 593 набројани детали и 3 ненабројани минијатури, вклучувајќи и некои подоцнежни дополнувања (Clemmensen 2012, 4).

Грбовите се изработени со мастило и

1991, 1992, 1993).

In addition to the Miltenberger Armorial, similarities have been found with the Donaueschinger Armorial (*Wappenbuch*) and the Grünenbergs Armorial, also members of this group.

HISTORY OF THE RESEARCH

Since becoming the property of the Hamburg City Library, now the Hamburg State and University Library, in 1747, the Uffenbach armorial, catalogued as Cod. 90b in scrinio, has been described several times (Clemmensen 2012,4). The first to do so was Paul H. Trummer, who published an article about the Uffenbach armorial in the Deutsches Herald in 1914 under the title “Uffenbachsches Wappenbuch”. The next work mentioning this manuscript was printed in 1939, on the eve of World War II, in Berlin under the title “Beiträge zur Geschichte der Heraldik”, and signed by Erich von Berchem, David L. Galbraith and Otto Hoop. The Uffenbach armorial will also be part of the catalogue of manuscripts of the State and University Library in Hamburg, printed under the title Die Codices in scrinio der Staats- und Universitätsbibliothek Hamburg, edited by Thilo Brandis. As already mentioned, in 1990, Werner Parawicz’s work “Das Uffenbachsche Wappenbuch” was published, which is also the first phototype edition of the Uffenbach armorial. The most recent edition on this topic is the research work of Sten Clemmensen from 2012, entitled “Das Uffenbachsche Wappenbuch”, which was also used as the basis for our acquaintance with this manuscript (Clemmensen 2012,4).

CURRENT STATUS OF THE MANUSCRIPT AND ITS CONTENTS

The Uffenbach armorial currently consists of 88 sheets measuring 175×205 mm, each of which is composed of two original sheets glued together, so that the present armorial consists of a total of 176 preserved separate sheets of the original. Depending on the source cited, it now contains 587 coats of arms and five miniatures, or 593 enumerated details and three unenumerated miniatures, including some later additions (Clemmensen 2012,4).

The armorial is drawn in ink and watercolour,

акварел, со максимум четири грба по страница, претставени во распоред од 2-2, со опис на алзашки јазик, напишан со бастарда-писмо, кое главно се користело по горната Рајна, што го поддржува географското потекло на овој грб.

Во споредба со неговиот оригинален изглед, грбовникот на Уфенбах денес е значително различен. Пред сè, ова се одразува во недостигот на голем број страници, кои биле изгубени во време кога грбовникот сè уште не бил врзан во една збирка, а кога ова конечно било направено, распоредот на страниците што бил направен во тоа време веќе не одговарал на оној што првично бил наменет. Поединечните страници подоцна биле зајакнати со ленти хартија или пергамент дури и пред првата реконструкција и врзување, што било извршено во 16 век, а кога реконструкцијата конечно станала неопходна, две страници биле споени во една, како што веќе споменавме, така што на крајот, наместо два листа, насликани само од едната страна, бил добиен еден лист, насликан од двете страни. За време на оваа реконструкција, била направена и непрецизна пагинација од страниците 1 до 181, со арапски бројки во горниот надворешен агол на секоја страница.

Бидејќи лентите хартија се истрошиле со текот на времето, втората реконструкција била извршена во текот на 19 век. Преостанатите страници морале да се одделат, повторно да се залепат, да се нумерираат со молив, да се исечат со одредено губење на легендата и пагинацијата и да се врзат во кожа.

Така, ако се обрне внимание на постарото пагинационо распределување, ќе се забележи дека недостигаат страниците 1-41 (сега 1v-21v), 50-160 (22r-77r), 163-165/168-169 (77v-80v), 166-181 (81r-88v), а страниците 168 и 169 се дуплирани (Clemmensen 2012, 5).

Што се однесува до хералдичката содржина на грбовникот, врз основа на неговиот сегашен изглед, може да се заклучи дека тој првично бил организиран на географска основа, т.е. според потеклото на армигерот, и оваа форма е делумно зачувана до ден-денес.

Процентуално, само околу 5 % од грбовите се композитни грбови, од кои повеќето се квадратни, околу 17 % од содржината на грбот припаѓа на таканаречените фантастични или измислени грбови, 21 % се однесува на грбовите на италијански, француски и шпански грбоносци,

with a maximum of four coats of arms per page, presented in a 2x2 layout, with a description in the Alsatian dialect written in the bastarda script, which was mainly used along the upper Rhine, which supports the geographical origin of this armorial.

Compared to its original appearance, the Uffenbach armorial is considerably different today. This is reflected above all in the lack of a large number of pages, which were lost at a time when the armorial had not yet been bound in a single collection and, when this was finally done, the arrangement of the pages that had been made at that time no longer corresponded to that originally intended. The individual pages were later reinforced with strips of paper or parchment even before the first reconstruction and binding, which was carried out in the 16th century and, when the reconstruction finally became necessary, the two pages were joined into one, as already mentioned, so that in the end, instead of two leaves, painted on one side only, one leaf was obtained, painted on both sides. During this reconstruction, an imprecise pagination was also made from pages 1 to 181, with Arabic numerals in the upper outer corner of each page.

As the paper strips had worn out over time, a second reconstruction was carried out during the 19th century. The remaining pages had to be separated, re-glued, numbered in pencil, cut with some loss of legend and pagination, and returned to leather bounding.

Thus, if one pays attention to the older pagination distribution, one will notice that pages 1-41 (now 1v-21v), 50-160 (22r-77r), 163-165/168-169 (77v-80v), 166-181 (81r-88v) are missing, and pages 168 and 169 are duplicated (Clemmensen 2012,5).

As for the heraldic content of the armorial, based on its current appearance, it can be concluded that it was originally organised on a geographical basis, i.e. according to the origin of the armiger, and this form has been partially preserved to this day.

Percentage-wise, only about 5% of the coats of arms are marshalled coats of arms, most of which are quartered, about 17% of the coat of arms content belongs to the so-called fantastic or fictional coats of arms, 21% refers to the coats of arms of Italian, French and Spanish armigers, to

на кои може да се додадат и околу дваесет англиски грбови кои вклучуваат некои имиња на познати учесници во Стогодишната војна, како и неколку скандинавски.

Без да се земат предвид неколку недовршени грбови кои содржат само имиња и неколку кои биле додадени подоцна, речиси две третини од грбовникот се однесуваат на властела од Светото Римско Царство.

ГРБОВИ НА ВЛАДЕЕЊЕТО И ВЛАДЕТЕЛИ НА ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ ЗЕМЈИ

Она што го прави овој грб важен за нас е фактот што ни носи и неколку интересни грбови од просторите на јужнословенските земји.

Некои од овие грбови се веќе познати на хералдичката јавност и нема многу ново да се каже за нив, па затоа ќе ги споменеме само доколку е забележано дека сè уште се тука. Грбовите за кои ќе зборуваме подетално се оние што ги препознаваме, но за кои сè уште знаеме малку. Оние што ни се сосема непознати, ќе се обидеме да ги разгледаме во светлината на историските околности во кои се појавиле и врз основа на изворите што ни се достапни.

Ако одиме по ред, првиот од овие грбови ќе биде грбот на грофовите од Целје (orig. grove von zilen) (сл. 1), кој е прикажан на 27. задна страница. Сино, три златни осумкраки ѕвезди 2-1. Верзијата со осумкраки ѕвезди, наместо шесткраки ѕвезди, како што подоцна обично ќе биде прикажан овој грб, ни кажува дека станува збор за постара верзија на овој грб (Kobel, Pirchegger 1954). Го користеле и грофовите од Нојнберг, кои владееле со Целје пред да дојде на власт династијата што ќе биде првата во историјата што ќе ја носи титулата Грофови од Целје.



Сл./Fig. 1

Втор по ред ќе биде грбот на грофовите од Горица (orig. der grove von görtze) (Сл. 2), кој се наоѓа на предна 28. страница. Скосен горе сино сребрен лав во од, долу пет пати пресечен на сребрено и црвено. Датира од средината на 13 век (Švajncer 1992) и претрпел неколку промени низ историјата, но



Сл./Fig. 2

which can be added about twenty English coats of arms that include some names of famous participants in the Hundred Years' War, as well as a few Scandinavian ones.

Without taking into account a few unfinished coats of arms containing only names and a few that were added later, almost two-thirds of the coat of arms refers to the rulers of the Holy Roman Empire.

COATS OF ARMS OF THE RULES OF THE SOUTH SLAVIC LANDS

What makes this armorial important for us is the fact that it also brings us several interesting coats of arms from the areas of the South Slavic countries.

Some of these coats of arms are already known to the heraldic public and there is not much new to say about them, so we will only mention them if it has been noted that they are still there. The coats of arms that we will consider in more detail are those that we recognise, but of which we still know little. Those that are completely unknown to us, we will try to consider in the light of the historical circumstances in which they appeared and on the basis of the sources that are available to us.

If we go in order, the first of these coats of arms would be the coat of arms of the Counts of Celje (orig. grove von zilen) (fig. 1), which is shown on the reverse of the 27th page. Azure, three eight-pointed stars Or, 2-1. The version with eight-pointed stars, instead of six-pointed stars, as this coat of arms would later usually be shown, tells us that this is an older version of thearms (Kobel, Pirchegger 1954). It was also used by the Counts of Neunberg, who ruled Celje before the dynasty that would be the first in history to bear the title Counts of Celje came to power.

The second will be the coat of arms of the Counts of Gorizia (orig. der grove von görtze) (Fig. 2), which is located on the 28th recto page. Per bend Azure, and barry of six Argent and Gules, in sinister a lion rampant Argent It dates from the mid-13th century (Švajncer 1992) and has undergone several changes throughout history, but still managed to preserve

сепак успеал да ги зачува основните карактеристики на својот оригинален изглед.

Следен во ред е грбот кој, во зависност од изворот, го среќаваме како грб на владетелите на Бугарија или како грб на владетелите на Влашка. Во овој случај, на 40-тата задна страница, тој е опишан како грб на графовите од Видин во Влашка (orig. der grove von weide in wallachie) (сл. 3).[3] Црвено, црн лав крунисан златно. Досега се верувало дека овој грб првпат се појавил на почетокот на 15 век во делото на Улрих фон Рихентал (Cernovodeanu 1977, 210), но неговото постоење во грбот на Уфенбах укажува на можноста дека веројатно може да се најде во некои други извори, постари од Рихенталската хроника од Констанц.



Сл./Fig. 3

На 43-та ректо страница се наоѓа грбот што му се припишува на царот на Србија (orig. der keyser von servye) (сл. 4), расечен, десно црвено две златни греди, лево златно посеано со црвени лијани, штитот окрунет. Покрај фактот дека е од историско значење што титулата цар на Србија се споменува во странски и релативно ран хералдички извор, интересно и необично е и тоа што за неговите амблеми се избрани дизајни што целосно се совпаѓаат со оние на грбот на унгарската династија Анжевин, разликата е само во изборот на тинктури.



Сл./Fig. 4

Причината за ова е веројатно тоа што авторот на овој грб немал доволно информации, па или едноставно го менувал грбот на Унгарија, како нејзин најблизок сосед со развиена хералдичка традиција, за потребите на новиот грб, или сакал да ја нагласи важноста на Србија во даден историски момент и користел еден од најпознатите грбови од тоа време. Патем, Александар Палавестра веќе пишувал за темата на овој грб, кој, меѓу другото, цитира два подоцнежни извори во кои се наоѓа овој грб (Палавестра 2010, 21). Првиот е грбовникот на Ханс Бургграф (*Hans Burggraf's Wappenbuch*, British Library London), создаден помеѓу 1452 и 1455 година. Во него, грбот на царот на Србија

the basic characteristics of its original appearance.

Next in line is the coat of arms, which, depending on the source, we find as the coat of arms of the rulers of Bulgaria or as the coat of arms of the rulers of Wallachia. In this case, on the reverse of the 40th page, it is described as the coat of arms of the counts of Vidin in Wallachia (orig. der grove von weide in wallachie) (Fig. 3).[2] Gules, a lion rampant Sable, crowned Or. It was previously believed that this coat of arms first appeared in the early 15th century in the work of Ulrich von Richenthal (Cernovodeanu 1977, 210), but its existence in the arms of Uffenbach suggests the possibility that it could probably be found in some other sources, older than the Richenthal Chronicle of Constance.

On the 43rd recto page is the coat of arms attributed to the Emperor of Serbia (orig. der keyser von servye) (fig. 4), Per pale dexter Gules, two bars Or, sinister Or, seme of fleurs de lys Gules. In addition to the fact that it is of historical importance that the title of Emperor of Serbia is mentioned in a foreign and relatively early heraldic source, it is also interesting and unusual that designs were chosen for its emblems that completely coincide with those of the coat of arms of the Hungarian Angevin dynasty, the difference being only in the choice of tinctures.

The reason for this is probably that the author of this coat of arms did not have enough information, and either simply changed the coat of arms of Hungary, as its closest neighbor with a developed heraldic tradition, for the needs of the new coat of arms, or wanted to emphasise the importance of Serbia at a given historical moment and used one of the most famous coats of arms of that time. Incidentally, Aleksandar Palavestra has already written on the topic of this coat of arms, who, among other things, cites two later sources in which this coat of arms is found (Palvestra 2010, 21). The first is the armorial of Hans Burggraf (Hans Burggraf's Wappenbuch, British Library London), created between 1452 and 1455. In it,

(*der keysser von Serule*) е прикажан како штит расечен, десно, црвено два златни појаси, лево, црвено посеано со златни лилјани. А, вториот е непроучен хералдички ракопис (*MS. 373, Socitery of Antiquaries of London*) од 1530 година, во кој грбот на царот на Србија (*kheysser von Servie*) е претставен расечен, десно црвено со два златни појаси, лево, сино посеано со златни лилјани. Грбот на царот на Србија од хералдиката на Уфенбах е третата верзија на овој грб и ова најмногу зборува за неговата нестабилност, што секако не ја намалува важноста на потребата на авторот хералдички да го прикаже стандардот на српскиот цар.



Сл./Fig. 5

И конечно, ни останува уште еден грб од овие области. На истата 60-та ректо страна, се наоѓа грбот на грофот Хрватска (orig. grove vô carbatten / carbacten der ist cristen) (Сл. 16). Пресечен црвено и златно, горе сребрена осумкрака ѕвезда. Ова е несомнено грбот на



Сл./Fig. 16

raldic Book II. As some curiosities when it comes to this coat of arms, we can highlight examples found in the Heraldic Book of Jörg Rügen from 1569-1572, where instead of three, Azure two hounds Gules (Clemmensen 2013, 97), and the version from the painting Croatian Greats before King Ladislaus from 1690, where each hound is depicted in a separate field, and the fields are colored Azure, Argent and Vert, while the hounds themselves are Proper. Although today we do not know the original bearers of this coat of arms, it is perhaps not superfluous to mention about its origin that a coat of arms with the same design appears as early as the Segar Coat of Arms from 1282, with Azure three hounds Argent, and where this coat of arms is attributed to the King of Hungary (Rey de Hungrie). Finally, in conclusion, it can be concluded that this is probably one of the most common coats of arms from our region that appears in Central European heraldry, and that the most common version in which it appears is the one with Argent three hounds saliant Gules, but also that the oldest depiction of this coat of arms is currently with Or, three hounds Sable.

Next to the coat of arms of the Slavic Land, on the same 60th recto side, is the coat of arms of Count Agram in the Wendish Land (orig. der grove volke von agrem bi saders in windesceme lande) (Fig. 15). Argent, a mount Sable surmounted by a crown Or. Most likely, this is Zagreb, which in the German-speaking area was called Agram. There is no record in the heraldic history of the city that such a coat of arms was ever used, so it is most likely another of the invented and attributed coats of arms. The same coat of arms is also found in the Miltenberg armorial.

And finally, we are left with one more coat of arms from these areas. On the same 60th recto side, there is the coat of arms of the Count of Croatia (orig. grove vô carbatten / carbacten der ist cristen) (Fig. 16). Per fess Gules and Or, in chief an eight-pointed star Argent. This is undoubtedly the coat of arms of the Frankopan princes of Krk. The oldest information about the motifs of this coat of arms dates

франкопанските кнезови од Крк. Најстарите информации за мотивите од овој грб датираат од 1330 година (Duišin 1943, 210). Првите прикази на овој грб се наоѓаат на средновековни портолани, а еден од најстарите портолани на кои овој грб е прикажан во форма на знаме е портоланот на Ангелин Дулчерт од 1339 година. Тука, над градот Сењ, може да се види знаме со мотивите на грбот на кнезовите од Крк. Од нешто подоцнежни сфрагистички извори дознаваме дека мотивите од овој грб се пронајдени на печатот на Иван од Крк од 1365/1366 година, на која е прикажан лав кој носи шлем со челенка со мотивите на овој грб и дави некакво животно (волк или лисица) (Pál 1986, 353-254). Приближно во исто време, во форма на хералдичко знаме, овој грб се појавува и во Книгата на знаењето на сите кралства од непознат шпански францисканец, кој го припишува на Славонија (Smodlaka 1931, 23). Овој грб го наоѓаме и во форма на хералдичко знаме на портоланите на Гилермо Солери од 1380 година (Palavestra 2010, 13) и Габриел Веласкез од 1447 година (Ibid, 15), како и на портоланот на Јакоб Русо од околу 1550 година (Soleri 1380), и на многу други помалку познати карти создадени за време на нивното владеење и подоцна. Инаку, кнезовите на Крк ќе го користат како свој грб сè до средината на 15 век, кога го земаат името Франкопан, обидувајќи се да се поврзат со старите римски патриции Франгипанибус, што било популарно во тоа време, и заедно со името создаваат нов грб што ја поддржува теоријата за таквото потекло. Овој грб го користеле и други крајбрежни семејства, како што се Доминис и Тетриќ (Duišin 1943, 210).

ЗАКЛУЧОК

По сето погоре наведено, можеме да извлечеме неколку заклучоци. Имавме можност да се сретнеме со три вида грбови: вистински историски грбови, грбови создадени врз основа на историски претхералдички симболи и грбови кои се целосно измислени од авторот на постар хералдички збор. Последните два вида се од особено значење, бидејќи фрлаат светлина врз заднината на создавањето на одредени грбови за потеклото на кои не знаевме многу или имавме погрешна претстава за тоа, односно потврдуваат присуство на одредени претхералдички симболи за кои често се обидуваат да бидат хералдички обликувани на сличен начин во модерната хе-

back to 1330 (Duišin 1943, 210). The first depictions of this coat of arms are found on medieval portolans, and one of the oldest portolans on which this coat of arms is depicted in the form of a flag is the portolan of Angelin Dulcert from 1339. Here, above the town of Senj, a flag with the motifs of the coat of arms of the princes of Krk can be seen. From somewhat later sphragistic sources, we learn that the motifs of this coat of arms were found on the seal of Ivan of Krk from 1365/1366, which depicts a lion rampant wearing a helmet with cresrt with the motifs of this coat of arms eating an animal (wolf or fox), (Pál 1986, 353-254). Around the same time, in the form of a heraldic banner, this coat of arms also appears in the Book of Knowledge of All Kingdoms by an unknown Spanish Franciscan, who attributes it to Slavonia (Smodlaka 1931, 23). This coat of arms is also found in the form of a heraldic flag on the portolans of Guillermo Soleri from 1380 (Palavestra 2010, 13) and Gabriel Velázquez from 1447 (Ibid, 15), as well as on the portolan of Jacob Russo from around 1550 (Soleri 1380), and on many other less well-known maps created during their reign and later. Otherwise, the princes of Krk will use it as their coat of arms until the middle of the 15th century, when they take the name Frankopan, trying to connect themselves with the old Roman patricians Frangipanibus, which was popular at that time, and together with the name create a new coat of arms that supports the theory of such an origin. This coat of arms was also used by other coastal families, such as the Dominis and Tetrics (Duišin 1943, 210).

CONCLUSION

After all of the above, we can draw several conclusions. We had the opportunity to encounter three types of coats of arms: real historical coats of arms, coats of arms created on the basis of historical pre-heraldic symbols, and coats of arms that are completely invented by the author of an older heraldic word. The last two types are of particular importance, because they shed light on the background of the creation of certain coats of arms about the origin of which we did not know much or had a wrong idea about it, that is, they confirm the presence of certain pre-heraldic symbols that are often tried to be heraldically shaped in a similar way in modern heraldry. From the descrip-

ралдика. Од описите на овие грбови можевме да дознаеме и некои претходно непознати информации. Значаен факт е и тоа што во времето на создавањето на овие грбови, нивниот автор или нарачател имал информации за постоењето на некои значајни места во тоа време, кои подоцна, со доаѓањето на Османлиите, целосно ќе исчезнат од политичката сцена на Европа и со текот на времето ќе станат terra incognita за повеќето странски автори кои на кој било начин ќе ги допрат овие простори. Покрај тоа, можевме да видиме дека некои грбови се создадени многу порано отколку што се претпоставуваше претходно и дека всушност доаѓаат од Запад. Можевме да се увериме дека тие не потекнуваат од овие простори и дека не се плод на имагинацијата на Дон Петар Охмучевиќ, иако благодарејќи на него, неколку века подоцна, тие ќе станат составен и неразделен дел од хералдиката на сите земји од ова подрачје.

tions of these coats of arms, we were able to learn some previously unknown information. It is also a significant fact that at the time of the creation of these coats of arms, their author or commissioner had information about the existence of some significant places at that time, which later, with the arrival of the Ottomans, would completely disappear from the political scene of Europe and over time would become terra incognita for most foreign authors who would in any way touch these areas. In addition, we could see that some coats of arms were created much earlier than previously assumed and that they actually come from the West. We could make sure that they did not originate from these areas and that they were not the fruit of the imagination of Don Petar Ohmučević, although thanks to him, several centuries later, they would become an integral and inseparable part of the heraldry of all countries in this area.

БЕЛЕШКИ • NOTES

1 Нерецензираната основа за оваа е објавена на српски јазик во два продолжетоци во Оцило, на Друштвото на српските грбоносци „Милош Обилиќ“. (бр. 8, 2013, 8-15, и бр. 9-10, 2016. 16-25) Посебна благодарност за членовите на Бугарското хералдичко и вексилолошко друштво, Иван Војников и Петар Јаначков, првиот за потикот а вториот за укажување на пропустите во оргиналната статија./

The non-peer-reviewed basis for this has been published in Serbian in two two issues in Ocilo, by the Serbian Heraldic Society “Miloš Obilić”. (No. 8, 2013, 8-15, and No. 9-10, 2016. 16-25) Special thanks to the members of the Bulgarian Heraldic and Vexillological Society, Ivan Vojnikov and Petar Janachkov, the former for the encouragement and the latter for pointing out the omissions in the original article.

2 Исто така позната како Интеграм или Милтенбергова група, групата Бодензе вклучува збир грбови создадени во втората половина на 15 век на подрачјето на денешна Јужна Германија, главно во областа на езерото Констанц, по што е именувано Бодензе (германски: Bodensee).

Also known as the Integram or Miltenberg Group, the Bodensee Group includes a collection of coats of arms created in the second half of the 15th century in the area of present-day Southern Germany, mainly in the area of Lake Constance, after which Lake Constance (German: Bodensee) is named.

3 Дали навистина станува збор за Видин или за некој друг град не е сосема јасно, Стен Клеменсен го остава неидентификуван во своите коментари и го наведува како Weiden во индексот на имиња.

Whether this is really Vidin or some other city is not entirely clear, Steen Clemensen leaves it unidentified in his comments and lists it as Weiden in the name index.

4 Една од најстарите вакви претстави е знаме од почетокот на 14 век во форма на гонфанон на кој е претставен овој светец. (в. Jelena Borošak Marjanović, Zastave kroz stoljeća, Zagreb, 1996, str. 25-26)

One of the oldest such representations is a flag from the early 14th century in the form of a gonfanon on which this saint is depicted. (see Jelena Borošak Marjanović, Zastave kroz stoljeća, Zagreb, 1996, pp. 25-26)

5 На пример, се појавил и во познатата копија од грбовникот на Шароле, во која сигурно не бил присутен во оригиналната верзија, но како што наведува грбовникот, оваа информација е земена од Мавро Орбини, а дел од неа дури и е измислен подоцна.

For example, it also appeared in the famous copy of the Charolais armorial, in which it was certainly not present in the original version, but as the coat of arms states, this information was taken from Mavr Orbini, and some of it was even invented later.

6 Не треба да се заборави дека под овие имиња се среќаваат и неколку други грбови, кои во литературата најчесто ѝ се припишуваат на Босна.

It should not be forgotten that several other coats of arms are also found under these names, which in literature are most often attributed to Bosnia.

7 Стин Клеменсен погрешно го наведува грбот на вавилонскиот крал како грб на кралот на Славонија (цитирано дело, стр. 79), но во хералдиката двата грба јасно се разликуваат. Грешката се случила поради употребата на исти дизајни во двата грба.

Steen Clemensen mistakenly lists the coat of arms of the Babylonian king as the coat of arms of the king of Slavonia (cited work, p. 79), but in heraldry the two coats of arms are clearly distinguishable. The error occurred due to the use of the same designs in both coats of arms.

Beaziano, Giulio Cesare da (1680) *Araldo Veneto*, Venetia.

Bologna, Angelo Mariada (XVII) *Araldo nel quale si vedono delineate e colorite le armi*.

Cernovodeanu, Dan (1977) *Ştiinţa şi arta heraldică în România*, Bucarest.

Clemmensen, Steen (2012) *Das Uffenbachsche Wappenbuch*, Farum.

Clemmensen, Steen (2013) *Jörg Rugens Wappenbuch*, Farum.

Čaldarović, Dubravka Peić, Nikša Stančić, *Povijest hrvatskoga grba* (2011) Školska knjiga, Zagreb.

Duišin, Viktor A. (1943) „Naša Domovina“, *Zbornik I-II*, Zagreb.

Gaio, João Ribeiro (XVI) *Coplas às armas da nobreza de Portugal*, век, стр. 19.

Hafner, Otto Titan von (1870) *Außerdeutsche Staatenwappen*, Nürnberg.

Hulsius, Levinus (1596) *Chronologia, Das ist ein kurtze Beschreibung deren Länder, so in diser hierzu gehörigen Landtafel begriffen seind*, Nürnberg.

Kobel, Ludwig ,Hans Pirchegger (1954) *Steirische Ortswappen einschliesslich jener der ehemaligen Untersteiermark*, Alfred Wall, Graz.

Loutsch, Jean-Claude (1989, 1990, 1991, 1992, 1993) *L'armorial Miltenberg, un armorial de la fin du XVe siècle*, Archives Héraldiques Suisses.

Luetić, Josip (1992) *Sveti Vlaho – državna zastava Dubrovačke Republike*, Croatica Christiana Periodica, Vol. 16, No. 29, Jun 1992.

Marjanović, Jelena Borošak (1996) *Zastave kroz stoljeća*, Zagreb.

Schrot, Martin (1580) *Wappenbuch des Heiligen Römischen Reichs*, München.

Smodlaka, Josip (1931) *Zemlje Južnih Slovena i njihovi grbovi oko god. 1330. u „Putu oko svijeta“ jednoga španskoga fratra*, Split.

Soleri, Guillmus (1380) *Carte marine de l'océan Atlantique Est, de la mer Méditerranée, de la mer Noire et de la mer Rouge*, Bibliothèque nationale de France, Paris.

Ströhl, Hugo Gerard (1904) *Städte–Wappen von Österreich–Ungarn, Wien.*

Švajncer, Janez J (1992) *Vojna in vojaška zgodovina Slovencev*, Prešernova družba, Ljubljana.

Paravicini, Werner (1990) *Das Uffenbachsche Wappenbuch*, München.

Pál, Rainer (986) *A Frangepán család címerváltozatai a XIV-XVI. században*, A Veszprém Megyei Múzeumok Közleményei.

Reilly, Franz Johann Josef von (1791) *Das Königreich Rascien*.

Ацовић, Драгомир (2008) *Хералдика и Срби*, Завод за уџбенике, Београд.

Палавестра, Александар (2010) *Илирски грбовници и други хералдички радови*, Завод за уџбенике, Београд.

XXIII МЕЃУНАРОДЕН ХЕРАЛДИЧКИ КОЛОКВИУМ - ЈАШ, РОМАНИЈА, 27-30 АВГУСТ 2025

Јован Јоновски

https://orcid.org/0000-0003-2448-3441
https://doi.org/10.47763/mher2025.6571

XXIII Меѓународен колоквиум по хералдика (сл. 1), под покровителство на Меѓународната академија по хералдиката (АІН), се одржа во Јаш, историската престолнина на поранешното кнежевство Молдавија, од 27 до 30 август 2025 година. Настанот беше организиран од Романскиот институт за генеалогија и хералдика „Север Зота“. Институтот, основан во 1998 година, е признат како најактивен промотор на генеалогијата и хералдиката во Романија. Организацискиот комитет го сочинуваа д-р Михаи-Богдан АТАНАСИУ, aig (Јаши), д-р Тудор-Раду ТИРОН, АІН (Букурешт) и г-дин Драган-Џорџ БАСАРАБА (Темишвар).



Сл./Fig. 1

Настанот беше под покровителство на Н.Е. Маргарета, чувар на романската круна. Исто така, доби благослов од Неговото Високопреосвештенство Теофан, митрополит Молдависки и Буковински, кој одобри партнерство со Институтот Север Зота. Локалните власти дадоа целосна поддршка и ја потврдија својата посветеност на историската наука. Колоквиумот имаше бенефит од директното вклучување на водечките културни и академски институции во Јаш: Универзитетот „Александар Јоан Куза“, Националниот музејски комплекс на Молдавија (сл. 2), Градскиот музеј „Регина Марија“ и Националниот музеј на романска литература.



Сл./Fig. 2

Колоквиумот имаше над 40 презентации кои опфаќаа државна, територијална, општинска и семејна хе-

XXIII INTERNATIONAL HERALDRY COLLOQUIUM – IASI, ROMANIA, 27–30 AUGUST 2025

Jovan Jonovski

The XXIII International Heraldry Colloquium (Fig. 1), held under the auspices of the Académie Internationale d'Héraldique (AIH), took place in Iaşi, the historic capital of the former Principality of Moldavia, from 27 to 30 August 2025. The event was organized by the Romanian Institute of Genealogy and Heraldry "Sever Zotta". The institute, founded in 1998, is recognized as the most active promoter of genealogy and heraldry in Romania. The Organizing Committee comprised Dr. Mihai-Bogdan ATANASIU, aig (Iaşi), Dr. Tudor-Radu TIRON, AIH (Bucharest), and Mr. Drăgan-George BASARABĂ (Timişoara).

The event was under the patronage of H.M. Margareta, Custodian of the Romanian Crown. It also received the blessing of His Eminence Teofan, Metropolitan of Moldova and Bukovina, who approved a partnership with the Sever Zotta Institute. Local authorities offered their full support and reaffirmed their commitment to historical scholarship. The colloquium benefited from the direct involvement of Iaşi's leading cultural and academic institutions: Alexandru Ioan Cuza University, the Moldova National Museum Complex (Fig. 2), the "Regina Maria" Municipal Museum, and the National Museum of Romanian Literature.

The colloquium featured over 40 presentations covering state, territorial, municipal, and family heraldry, as well as heraldic customs and heral-

ралдика, како и хералдички обичаи и хералдичка уметност. Учесниците доаѓаа од 24 земји: Австрија, Белгија, Бугарија, Канада, Данска, Финска, Франција, Грузија, Германија, Светата Столица, Унгарија, Литванија, Молдавија, Холандија, Македонија, Норвешка, Полска, Романија, Сингапур, Шпанија, Шведска, Украина, Обединетото Кралство и САД. Меѓу присутните (сл. 3) беа професори, истражувачи, архивари, колекционери и независни научници. Некои имаа официјални позиции во своите земји.



Сл./Fig. 3

Официјалното отворање се одржа на 27 август во „Салата на војводите“ (сл. 4) во Палатата на културата, предводено од професор д-р Мартин СУНКВИСТ, АІН (Шведска), организатор на претходниот колоквиум во Лунд (16–19 август 2023 година). Воведни зборови одржаа г-ѓа Елизабет РОУДС, претседател на АІН; д-р Јоан-Лука ВЛАД, правен советник на кралското семејство; г-ѓа Магдалена Роксана НЕКУЛА, заменик-градоначалничка на Јаш; проф. д-р Јонут НИСТОР, проректор на Универзитетот „Александро Јоан Куза“; и д-р Тудор-Раду ТИРОН, АІН, претставник на Националниот комитет за хералдика, генеалогија и сигилографија на Романската академија, Институтот Север Зота и Организацискиот комитет (сл. 5). По воведните говори следеа д-р Николас ВЕРНО, АІН (Франција), „Пристап кон хералдиката од агол на партикуларизам, некои епистемолошки размислувања“; и д-р Агне РАИЛАИТЕ-БАРДЕ, АІН (Литванија) „Историски бумеранзи и разновидно наследство. Прашања од



Сл./Fig. 4



Сл./Fig. 5

dic art. Participants came from 24 countries: Austria, Belgium, Bulgaria, Canada, Denmark, Finland, France, Georgia, Germany, the Holy See, Hungary, Lithuania, Moldova, the Netherlands, Macedonia, Norway, Poland, Romania, Singapore, Spain, Sweden, Ukraine, the United Kingdom, and the United States. Attendees (Fig. 3) included professors, researchers, archivists, collectors, and independent scholars. Some held official positions in their respective countries.

The official opening took place on 27 August in the “Hall of Voivodes” (Fig. 4) at the Palace of Culture, led by Professor Dr. Martin SUNNQVIST, AIH (Sweden), the organizer of the previous colloquium in Lund (16–19 August 2023). Opening remarks were delivered by Mrs. Elizabeth ROADS, President of the AIH; Dr. Ioan-Luca VLAD, legal advisor to the Royal Family; Mrs. Magdalena Roxana NECULA, Deputy Mayor of Iași; Professor Dr. Ionuț NISTOR, Vice-Rector of Alexandru Ioan Cuza University; and Dr. Tudor-Radu TIRON, AIH, representing the Romanian Academy’s National Committee for Heraldry, Genealogy, and Sigillography, the Sever Zotta Institute, and the Organizing Committee (Fig. 5).

Keynote addresses followed Dr. Nicolas VERNOT, AIH (France), “Approaching heraldry from the angle of particularism, some epistemological considerations”; and Dr. Agnė RAILAITĖ-BARDĖ, AIH (Lithuania) “Historical boo-

минатото“.

Утрото заврши со презентација на зборникот на трудови од колоквиумот во Лунд, Хералдиката и правото/ L’héraldique et le Droit (Livonia Print SIA, Латвија, 2025), претставен од нејзиниот уредник, професор д-р Мартин СУНКВИСТ, AIH.

На учесниците им беше поделен грбовник, со 46 штитови доставени од присутните армигери, на кои претходеше грбот на Н.М. Маргарета. Компилацијата и дизајнот ги презеде д-р Тудор-Раду ТИРОН, AIH (Сл. 6).



Сл./Fig. 6

Во пладневната сесија беа предавањата на:

Г-ѓа Елизабет РОУДС, AIH (Обединето Кралство) „Свети Андреј – меѓународен светец-заштитник и неговите хералдички врски“;

Г-дин Мамука ГОНГАСЕ, aih (Грузија) „За симболите на два историски региони на Грузија“;

Г-дин Давор ЗОВКО, aih (Шведска) „Хералдичкиот јазик на шведската држава“.

Сесиите на 28 и 29 август се одржаа во „Casa Universitarilor“ („Casa Canta“), резиденција од 18 век на веломоѓот Јордаке Кантакузино. Презентациите беа групирани во повеќе теми: национална, територијална, локална хералдика, семејна, лична хералдика, црковна хералдика, хералдичка практика и варијации.

Двајца членови на Македонското хералдичко друштво (МХЗ) учествуваа на колоквиумот (сл. 7). Претседателот и главен хералд, д-р Јован ЈОНОВСКИ, презентираше труд „Помеѓу Цариград и Виена: регионални специфики во грбот доделен на семејство со потекло од Македонија“ (сл. 8). Трудот е за богато семејство Белио кое потекнува од Пела (оттука и името Белио) и Москополе, во Македонија. Откако градот



Сл./Fig. 7

merangs and diverse heritage. Questions of the past.”

The morning concluded with the presentation of the Lund Colloquium proceedings, Heraldry and the Law L’héraldique et le Droit (Livonia Print SIA, Latvia, 2025), introduced by its editor, Professor Dr. Martin SUNNQVIST, AIH.

An Armorial was distributed to participants, featuring 46 shields submitted by attending armigers, preceded by the coat of arms of H.M. Margareta. The compilation and design were undertaken by Dr. Tudor-Radu TIRON, AIH (Fig. 6).

The afternoon session included:

Mrs. Elizabeth ROADS, AIH (United Kingdom) “Saint Andrew – an international patron saint and his heraldic links”;

Mr. Mamuka GONGADZE, aih (Georgia) “About the symbols of two historical regions of Georgia”;

Mr. Davor ZOVKO, aih (Sweden) “The heraldic language of the Swedish State”.

Sessions on 28 and 29 August were held at “Casa Universitarilor” (“Casa Canta”), an 18th-century residence of vornic Iordache Cantacuzino. The presentations were grouped under several themes: national, territorial, local heraldry, family, personal heraldry, ecclesiastical heraldry, heraldic practice, and varia.

Two members of the Macedonian Heraldic Society (MHS) participated at the Colloquium (Fig. 7). The President and Chief herald, Dr. Jovan JONOVSKI aih presented with a paper “Between Constantinople and Vienna regional specifics in the arms conferred to a family originated in Macedonia” (Fig. 8). The paper is about a wealthy family Bellio that originated from Pella (hence the name Bellio),

Москополе бил уништен, заедницата на трговци се засолнила во Виена, Австрија, од каде што ја продолжиле трговијата со романските кнежевства. Самото семејство се идентификувало како „Македонско“. Константин Бели (Белио), роден во Македонија во 1772 година, починал во Виена во 1838 година, станал благороден на 13 мај 1817 година кога царот Фердинанд му ја доделил титулата австриски барон со дипломата од 1825 година, со која му се доделува грб.



Сл./Fig. 8

Неговиот брат, Штефан Белио или Белу, кој починал во 1833 година во Букурешт, бил назначен од Joan Вода Караџа за помошник на новиот благајник Григорие Бранковеану. Неговиот син, Константин Белио (1787-1851), бил вмешан во дипломатските интриги поврзани со развојот на Источното прашање за време на Наполеоновите војни. Истата титула барон му била понудена повторно со диплома, од царот Франц Јозеф, на 15 ноември 1856 година, а повторно во личен капацитет на Димитрие Белио (1790-1863). Барбу Белио (1825-1900) студирал право во Атина, а потоа продолжил правна и политичка кариера во Романија каде што бил назначен за доживотен сенатор во 1862 година. Тој бил издигнат во ранг на барон од австрискиот цар во 1866 година, што е трета титула, повторно лична, доделена на член на ова семејство. Грбот на семејството Белу/Белио, доделен на Константин Белу во 1817 година, на Димитрие и Александру Белу во 1856 година и на Барбу Белу во 1866 година, е со ист блазон (сл. 9): квадриран штит, 1. Црно, златен трозабец; 2. Сино, сребрена исечена глава на еднорог; 3. Црвено, сребрена глава на Букефал; 4. Сребро, гавран со подигнати крила и глава свртена во лево, природно обоен, кој во клунот држи црвен латински крст. Врз сè, природна брановидна река. Круна на австриски барон.

and Moscopole, in Macedonia. After the city of Moscopole was destroyed, the community of merchants took refuge in Vienna, Austria, from where they resumed trade with the Romanian Principalities. The family itself defined itself as „Macedonian“. Constantin Bellu (Bellio), born in Macedonia in 1772, died in Vienna in 1838, was ennobled on May 13, 1817, by Emperor Ferdinand, who conferred on him the title of Austrian baron by the diploma of 1825, granting a coat of arms.

His brother, Ștefan Bellio or Bellu, who died in 1833 in Bucharest, was appointed by Ioan Vodă Caragea as an assistant to the new treasurer Grigorie Brâncoveanu. His son, Constantin Bellio (1787-1851), was involved in the diplomatic intrigues related to the development of the Eastern Question during the Napoleonic Wars. The same title of baron was offered a second time, again by diploma, by Emperor Franz Josef, on November 15, 1856, and again in a personal capacity to Dimitrie Bellio (1790-1863), Barbu Bellu (1825-1900) studied law in Athens, then pursued a legal and political career in Romania where he was appointed senator for life in 1862. He was also elevated to the rank of baron by the Austrian emperor in 1866, this being the third title, again personal, conferred on a member of the same family.


Сл./Fig. 9

The coat of arms of the Bellu/Bellio family, granted to Constantin Bellu in 1817, to Dimitrie and Alexandru Bellu in 1856, and to Barbu Bellu in 1866, is with the same blazon (Fig. 9): quartered shield, 1st, Sable, a trident Or; 2nd, Azure, a unicorn’s head erased, Argent; 3rd, gules, a Bucephalus head erased, outlined, argent; 4th, argent, a raven Proper wings open and inverted and the head turned to sinister, holding in its beak a Latin cross Gules. Overall

Челенка, црн орел вооружен црвено. Мантија десно, Црно поставено златно, лево Сино поставено сребрено. Букефал е митскиот коњ на Александар Велики Македонски и симболична врска со потеклото на семејството.



Сл./Fig. 10

Потпретседателот и вардарски хералд на МГД, Иван НАЦЕВСКИ, презентираше труд насловен „Грбот на семејството Мрњавчевиќ во илирската хералдика“. Трудот се однесува на средновековната македонска хералдика (сл. 10), иако не целосно отсутна и непозната, ретко третирана, а уште помалку позната тема. Недостатокот на изворни материјали сериозно влијае на ова истражување. Благородничкото семејство Мрњавчевиќ е од исклучително значење за Македонија. Нејзините претставници, Волкашин, Углеша и Марко, како и нивните блиски сојузници, владееле практично со цела Македонија за време на зенитот на империјата на цар Душан, како и за време на нејзиното опаѓање. Нивното владеење е поврзано и со охридската архиепископија, и што е уште поважно, оставило длабок белег во Македонската колективна меморија. Ова се однесува првенствено на ликот на кралот Марко, кој во Македонската и Српската народна поезија добил митски лик. Волкашин и Углеша, од друга страна, од историска гледна точка, играат исклучително важна улога во средновековна Србија, а Волкашин ќе остане единствената крунисана глава и практично единствениот кандидат за српскиот престол. Оттука, воопшто не е изненадувачки што Македонија и Мрњавчевците ќе се појават и ќе бидат присутни во корпусот на илирската хералдика уште од самиот нејзин почеток (сл. 11). Во однос на Македонија, важноста на илирската хералдика се сведува на самиот грб на Македонија и неколкуте грбови на благороднички семејства кои владееле со поголеми или помали делови од Македонија. Први и најважни од нив се Мрњавчевиќ. Иако присуството на Македонија во илирската хералдика е скромно по



Сл./Fig. 11

wavy river Proper. Crown of an Austrian baron. Crest an eagle Sable armed Gules. Mantle Sable doubled Or to dexter, Azure doubled Argent to sinister. The Bucephalus is the mythical horse of Alexander the Great of Macedon, and the symbolic connection to the origin of the family.

The Vice president and Vardar herald of MHS, Ivan NACEVSKI, presented a paper titled" The coat of arms of the Mrnjavčević family in Illyrian heraldry" The paper referred to medieval Macedonian heraldry (Fig. 10). as, although not completely absent and unknown, a rarely treated and even less well-known topic. The scarcity of source materials seriously affects this research. The noble family Mrnjavchevich is of exceptional importance for Macedonia. Its representatives, Volkašin, Ugleša, and Marko, as well as their close allies, ruled practically all of Macedonia during the zenith of Tsar Dušan's empire as well as during its decline. Their rule is also connected with the Archbisho pric of Ohrid, and more importantly, it left a deep mark on the Macedonian collective memory. This refers primarily to the figure of King Marko, who in Macedonian and Serbian folk poetry acquired a mythical character. Volkašin and Ugleša, on the other hand, from a historical point of view, play an extremely important role within medieval Serbia, and Volkašin will remain the only crowned head and practically the only candidate for the Serbian throne. Hence, it is not at all surprising that Macedonia and the Mrnjavčevch will appear and be present in the corpus of Illyrian heraldry from its very inception (Fig. 11). In relation to Macedonia, the importance of the Illyrian heraldry comes down to the very coat of arms of Macedonia and the few coats of arms of noble families that ruled larger or smaller parts of Macedonia. The first and foremost of them are Mrnjavchevich. Although Macedonia's presence in the Illyrian Heraldry is

обем, таа зазема суштинско место во илирската хералдика. Ова се должи на фактот дека земјата е длабоко вкоренета во личната приказна на Петар (Педро) Охмучевиќ, најверодостојната личност за појавата на целата илирска хералдика. Трудот се обидува да ја објасни композитната структура на грбот на семејството Мрњавчевиќ. Се обидува да ја пронајде врската помеѓу грбот и народната поезија и да ги објасни причините за таквата структура на грбот. Во исто време, грбот е спореден со вистински современи извори, првенствено монети и други артефакти од времето на владеењето на Мрњавчевиќ.

На колоквиумот учествуваа и почесните членови на МГД, д-р Агне РАИЛАИТЕ-БАРДЕ AIH (Литванија), проф. д-р Стојан АНТОНОВ aih (Бугарија), д-р Тудор-Раду ТИРОН AIH (Романија).

Друг учесник од Македонија беше проф. д-р Снежана ФИЛИПОВА, од Институтот за историја на уметноста и археологија, на Филозофскиот факултет во Скопје (сл. 12). Филипова беше член на Македонското хералдичко друштво, каде што беше потпретседател (2003-2007), но во 2009 година го напушти здружението. Нејзината презентација - „Запад наспроти Исток, секуларен наспроти религиозен и други контрасти“, заснована на фреско-сликарства на светци со штитови, тврди дека типот на хералдичките штитови во црквата Свети Пантелејмон во Нерези, во близина на Скопско, покажува дека Михаил Комнен и неговиот двор навистина користеле хералдика како што користеле и на Запад. Авторката дури се прашува кои грбови се постари, оние на Хенри Плантагенет или црвените и зелените полиња на издолжените триаголни штитови поделени со крст од црквата во Нерези, бидејќи хронологијата е многу блиска. Авторката забележува дека четирите лава на Хенри не се исти како стандардот од три лавови во од, но штитовите на Нерези се исти како и некои други средновековни икони од Грузија и Грција.



Сл./Fig. 12

Трудот дава анализа на фрескоживописот на македонските манастири, покажувајќи дека световните и религиозните личности користеле ист тип симболи за да изразат дека се главни, па

modest in scope, it occupies an essential place in the Illyrian heraldry. This is due to the fact that the land is deeply embedded in the personal story of Petar (Pedro) Ohmuchevich the most credible person for the emergence of the entire Illyrian heraldry. The paper makes an attempt to explain the composite structure of the Mrnjavchevich family arms. It tries to find the connection between the coat of arms and folk poetry and to explain the reasons for such a structure of the arms. At the same time, the coat of arms are compared with real contemporary sources, primarily coins and other artifacts from the time of the Mrnjavchevich rule.

The Honorary members of MHS, Dr Agnė RAILAITĖ-BARDĖ AIH (Lithuania), Prof Dr Stoyan ANTONOV aih (Bulgaria), Dr Tudor-Radu TIRON AIH (Romania) also took part in the colloquium.

Another participant from Macedonia, was Prof Dr Snezhana FILIPOVA, from the Institute of Art History and Archaeology, Faculty of Philosophy in Skopje (Fig. 12). Filipova was a member of the Macedonian Heraldic Society, serving as a vice president (2003-2007), but in 2009 left the society. Her presentation – “West versus East, secular versus religious, and other contrasts” based on fresco paintings of saints with shields, claims that the type of the heraldic shields in the Neresi church of St. Panteleimon near Skopje, shows Michael Komnenos and his court did use heraldry as did the West. The author goes to even wonder which arms are older, the ones of Henry Plantagenet or the red and green fields of the elongated triangular shields divided by a cross from the Nerezi church, since the chronology is very close. The author notes that the four lions of Henry are not the same as the standard of three super-positioned lions, but the Neresi shields are the same as some other medieval icons from Georgia and Greece.

The paper gives analysis of the fresco paintings of Macedonian Monasteries showing that the secular and religious figures used the same type of symbols to express that they are in

дури и некои облеци на женски светици ја користат симболика на двоглаиот орел. Сè на сè, станува збор за презентација на историјата на уметноста, заснована на пронаоѓање парахералдички симболи во македонските цркви и манастири, со мала врска со она што го знаеме како хералдика, уметноста и науката за грбовите.



Сл./Fig. 13

Форамалните настани вклучуваа прием во Градското собрание на Јаш, организиран од градоначалникот Михаи ЧИРИКА, проследен со коктел, што беше уште една можност за дружење со колегите и договарање нови соработки и понатамошни проекти (Сл. 13).

За време на овие настани, претседателот на Институтот за генеалогија, хералдика и вексилологија, Вилнус, Литванија, Ремигијус Бимба, му ја додели значката „За заслуги за Институтот за генеалогија, хералдика и вексилологија“ на Иван Начевски, за соработката на двете друштва (Сл. 14).



Сл./Fig. 14

Учесниците го разгледаа Националниот музејски комплекс на Молдавија, Градскиот музеј Регина Марија и Универзитетскиот музеј, каде што беа изложени две изложби:

Хералдички достигнувања на книги од Општинскиот музеј „Регина Марија“;

Хералдички достигнувања од романските јавни и приватни колекции, со ракописи, отпечатоци од печати и дела од Јожеф Себестјен де Кеопецзи (1878–1964), дизајнер на кралскиот грб на Романија од 1921 година.



Сл./Fig. 15

Истовремено, на изложбата „Хералдиката денес: Современи романски хералдички уметници“ беа претставени дела од арх. Бетина-Евелин БАСАРАБА-ВАРГА (Темишвар) (сл.

charge, and even some female saints' garment uses the double-headed symbology. All in all it was an art history presentation, based on finding para heraldic symbols in Macedonian churches and monasteries, with little connection to what we know as heraldry, the art and science of coat of arms.

Formal events included a reception at Iași City Hall, hosted by Mayor Mihai CHIRICA, followed by a cocktail which was another opportunity to socialise with the colleagues, and agree on new cooperations and furthur projects (Fig 13).

During these events, the president of the Institute of Genealogy, Heraldry and Vexillology, Vilnius Lithuania, Remigijus Bimba, Granted the Name badge "For merits to the Institute of Genealogy, Heraldry and Vexillology" to Ivan Nacevski, for the cooperation of the two soceties (Fig 14).

Participants toured the Moldova National Museum Complex, the Regina Maria Municipal Museum, and the University Museum, where two exhibitions were on display:

Heraldic Achievements on Books from the "Regina Maria" Municipal Museum;

Heraldic Achievements from the Romanian public and private collections, featuring manuscripts, seal impressions, and works by József Sebestyén de Keöpeczi (1878–1964), designer of Romania's 1921 royal arms.

Concurrently, the exhibition Heraldry Today: Contemporary Romanian Heraldic Artists showcased

15) и г-дин Штефан АМАТИЕСЕИ (Клуж-Напока), двајцата сертифицирани хералдички уметници.



Сл./Fig. 16

Свои состаноци одржаа Постојаното биро и Советот на АІН (27 август, Палата на културата). На Генералното собрание на АІН (29 август, Casa Canta), четири придружни членови на Меѓународната хералдичка академија (Académie Internationale d'Héraldique) беа прогласени за полноправни членови: Брус ПАТЕРСОН (Канада), д-р Јован ЈОНОВСКИ (Македонија), Мамука ГОНГАСЕ (Грузија) и д-р АНТОНОВ (Бугарија) (Сл. 16).

Колоквиумот заврши со свечена вечера во хотелот Интернешнл, за време на која беа доделени десет награди „Север Зота" за проучувања поврзани со Романија. Меѓу добитниците беа д-р ЈОНОВСКИ и д-р АНТОНОВ (Сл. 17, 18).



Сл./Fig. 17

Колоквиумот беше многу добро организиран, со многу настани, што им помогна на учесниците целосно да уживаат во историскиот и културниот град Јаш. Беше одличен настан да се видат стари хералдички пријатели и да се запознаат нови експерти и да се разменат идеи и информации.

Романскиот институт за генеалогија и хералдика „Север Зота" одржува двогодишен хералдички и генеалошки конгрес во Јаш, кој стана балкански хералдички центар, поканувајќи експерти од регионот, Македонија, Србија, Бугарија, Молдавија и пошироко.

Градот Јаш, со својот шарм, е одличен избор за културни настани. Поголемиот дел од учесниците престојуваа во Академос, студентски дом кој претставуваше дополнителна можност за дружење и вмрежување.


ATESTAT

Institutul Român de Genealogie și Heraldică „Sever Zotta",
membru al Confederației Internaționale de Genealogie și Heraldică

acordă

Distincția „Sever Zotta"

domnului

dr. Jovan JONOVSKI (Republica Macedonia de Nord),
membru al Academiei Internaționale de Heraldică,

În semn de recunoștință pentru atașamentul arătat cercetării heraldice din România, precum și pentru susținerea necondiționată acordată înfăptuirii celui de-al XXIII-lea Colocviu al Academiei Internaționale de Heraldică (Iași, 27-30 august 2025).

Administrator delegat

CS II dr. Mihai-Dorian ATANASIU

Iași, 29 august 2025

Сл./Fig. 18

works by Arch. Bettina-Evelin BASARABĂ-VARGA (Timișoara) (Fig. 15) and Mr. Ștefan AMATIESEI (Cluj-Napoca), both certified heraldic designers.

Special meetings included the AIH Permanent Bureau and Council Meeting (27 August, Palace of Culture). At the AIH General Assembly (29 August, Casa Canta), four associated members of the International Heraldry Academy (Académie Internationale d'Héraldique) were elevated to full Membership: Bruce PATTERSON (Canada), Dr. Jovan JONOVSKI (Macedonia), Mamuka GONGADZE (Georgia), and Dr. ANTONOV (Bulgaria) (Fig. 16).

The colloquium concluded with a gala dinner at the Hotel International, during which ten "Sever Zotta" awards were conferred. Among the recipients were Dr. JONOVSKI and Dr. ANTONOV (Fig. 17, 18).

The colloquium was very well organized, with a lot of events, which helped participants to fully enjoy the historic and cultural city of Iași. It was a great event to see old heraldic friends and to meet new experts and to exchange ideas and information.

The Romanian Institute of Genealogy and Heraldry "Sever Zotta" holds a biannual heraldic and genealogy congress in Iași, which has become a Balkan heraldic hub, inviting experts from the region, Macedonia, Serbia, Bulgaria, Moldova and beyond.

The city of Iași, with its charm, is a great choice for cultural events. The majority of the participants stayed at the Academos, a student hostel which presented an additional opportunity for socializing and networking.

ПРИКАЗ НА КНИГА

СНЕЖАНА ФИЛИПОВА. СТУДИИ ЗА ХЕРАЛДИКАТА ВО МАКЕДОНИЈА. СКОПЈЕ: МАКЕДОНИКА ЛИТЕРА; 2015. 139 СТР.; ISBN 978-608-4614-68-5. 400 ДЕН.

Јован Јоновски

https://orcid.org/0000-0003-2448-3441

https://doi.org/10.47763/mher2025.6606



д-р Снежана Филипова е професор на Катедрата за историја на уметност и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Таа е раководител на секцијата за историја на уметност во Македонскиот византиско-средновековен комитет. Нејзин главен фокус се македонските фрески.

Темата на нејзината книга од 2015 година е претставување на византиските фрески во Македонија како извори за протохералдички симболи. Целта е да се понуди алтернативен поглед за местото на раѓањето на хералдиката – Македонија, за време на Комненовата византиска династија во 1164 година, преку фреските од црквата „Св. Пантелејмон“ во Нерези, близу Скопје. Книгата е само третата публикација што допира до хералдиката во Македонија. Матковски со Грбовите на Македонија (1970) ги обработува само земските грбови во илирските грбовници. Петровски со Хералдика и инсигнии (2009) дава црно-бел учебник по хералдика. Книгата на Филипова нуди сосема поинаков пристап, кој го надополнува оскудното знаење за хералдиката во Македонија, во времето на нејзиното објавување.

Книгата има шест поглавја, без вовед и заклучок, што ја прави составена главно од претходно објавени материјали.

Првото поглавје, „Почетоците на хералдиката“, дава многу краток вовед во хералдиката. Се дискутираат симболите на кралевите, мистификацијата и демистификацијата на орелот, како и она

BOOK REVIEW

SNEZHANA FILIPOVA. STUDII ZA HERALDIKATA VO MAKEDONIJA [STUDIES ON HERALDRY IN MACEDONIA]. SKOPJE: MAKEDONIKA LITERA; 2015. 139P; ISBN 978-608-4614-68-5. 400MKD

Jovan Jonovski

Snezhana Filipova, PhD, is a professor at the Department of Art History and Archaeology, Faculty of Philosophy, Skopje. She is head of the Art History section of the Macedonian Byzantine and Medieval Committee. Her main focus is Macedonian frescoes.

The topic of her 2015 book is the presentation of Byzantine frescoes in Macedonia as sources for proto-heraldic symbols. The purpose is to offer an alternative view of the birthplace of heraldry—Macedonia—during the Komnenoi Byzantine dynasty in 1164, with frescoes from the church of St. Panteleimon in Nerezi, near Skopje. The book is only the third book on heraldry ever published in Macedonia. Matkovski's Coat of Arms of Macedonia (1970) covers only the land arms of Macedonia in the Illyrian armorials. Petrovski's Heraldry and Insignia (2009) is a black-and-white textbook on heraldry. Filipova's book offers a different perspective, adding to the scarce knowledge of heraldry in Macedonia at the time of publication.

